| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Мерката за субвенционирање на занаетчиски дејности предвидува поддршка регистрирани занаетчии. | Оваа активност се реализира преку објавување јавен повик за субвенционирање на регистрирани традиционални занаетчии и занаетчии кои бележат намалување на активностите во континуитет на подрачјето на општина Охрид за 2025 год. | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 10.03.2025 год, согласно условите и критериумите од претходно изготвен Правилник донесен од страна на Градоначалникот.<br>Право на користење на субвенцијата имаа регистрирани традиционални занаетчии и занаетчии кои бележат намалување на активностите во континуитет на подрачјето на општина Охрид. На јавниот повик поднесоа апликации 20 занаетчии, од кои сите ги исполнија условите од Правилникот и Јавниот повик. Исплатени се финансиски средства, со што оваа активност е во целост реализирана. | За оваа активност се предвидени 300.000,00 ден. Во овој квартал се исплатени финансиски средства во износ од 300.000,00 денари. |

**2. ОХРИД – ПАМЕТЕН И ЗЕЛЕН ГРАД / SMART AND GREEN CITY**

| Бр | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1 Воведување на смарт јавни услуги** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Воведување на смарт јавни услуги | Оваа активност предвидува дигитализација на одредени општински јавни услуги. За истата се изработува студија за оправданост, по што ќе се дефинира кои активности ќе бидат во прва фаза за имплементација. | Во овој квартал извршена е анализа на пазарот и согласно потребите на општина Охрид. Подготвена е техничка спецификација и постапката ќе биде реализирана во следниот период со објавување на јавна набавка | За оваа активност не се реализирани средства. |
| **2.2. Финансиска поддршка за стартап компании** | | | | | |
| **1.** | Јануари – Јуни 2025 | Финансиска поддршка на Стартап компании | Активноста предвидува избор на најдобро решение за изработка на софтверска апликација од страна на ИТ тимови, со финална цел креирање на една Стартап компанија. | Во овој квартал се организирани состаноци со експерти кои имаат претходни искуства со мобилна софтверска апликација и Стартап центри. Изготвен е и одобрен Правилник од страна на Градоначалник на ден 26.06.2025, кој ќе го дефинира начинот и условите за објавување на Јавен повик во следниот квартал и имплементација на оваа активност. | За оваа активност не се реализирани средства. |

**3.РАЗВОЈ НА РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.1. Финансирање на Микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегија за рурален развој** | | | | | |
| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Преку наведената активност општина Охрид предвидува стимулирање на партиципативноста на локалното население за финансиска поддршка на микрозаедниците во партнерство со граѓанските здруженија за решавање на мали инфраструктурни проблеми и реализација на развојни идеи. | Оваа програмска активност се реализира со објавување на јавен повик, по претходно утврдени критериуми за учество во Правилник.<br>Оваа активност е базирана на следните подмерки:<br>- Финансирање на микропроекти согласно целите и приоритетите од Стратегијата за рурален развој | Оваа активност се реализира преку објава на јавен повик, кој беше објавен на 04.04.2025 год.<br>Одобрени се следните проекти:<br>1. „Заштита и спасување на Боровата шума во село Горно Лакочереј и манастирскиот комплекс св. Недела“ – Здружение за интегриран развој АРТ ПРИЈАТЕЛИ, Охрид 118.900,00 ден.<br>2. „Играчница“ – Здружение за социјални права ВИТА ВИЗИОН Охрид 261.000,00 ден.<br>3. „Промоција на традицијата и културното наследство-јакнење на заедницата“ – Здружение на граѓани Свети Василиј с.Куратица 293.000,00 ден.<br>4. „Пчели и мед“ – Пчеларско Здружение Охрид-Охрид 100.400,00 ден<br>5. „Идеалното во мене“ – Здружение за организација | Во овој квартал не се реализирани финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | на културни, спортски и хуманитарни активности ВОВЕДЕНИЕ 2014 с.Завој, Охрид 270.932,00 ден.<br>6. „Рурален маркет систем“ – Здружение за рурален туризам, екологија и традиција ОРТЕТ с.Куратица Охрид 272.500,00 ден.<br>7. „Вкуси го Охрид локално Vol.4“ – Здружение на Конвивиум СЛОУ ФУД ЛИХНИДОС Охрид 179.000,00 ден. | |
| **3.2. Тековни активности на мобилната канцеларија во рамките на локалната самоуправа за давање стручни совети на земјоделците.** | | | | | |
| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Постапување по барања на граѓаните за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Редовна процедура за добивање потврда за поставување електрична пумпа за сопствени потреби | Поднесени се 91 барања, обработени и издадени се 74 потврди и 8 известувања за одбивање на барањата. | Не се реализирани финасиски средства |

## 4. ПОДГОТОВКА НА ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНО УПРАВУВАЊЕ

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1. Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти** | | | | | |
| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Средства за сопствено учество во имплеметација на проекти | Според утврдените правила за апликација за одредени проекти, во зависност од донаторот како неопходност се наметнува потребата од обезбедување на средства за сопствено учество кои мора да се запазат како прв услов за аплицирање за одреден проект. Во оваа програмска активност е предвидено сопствено учество во општински, регионални, национални и меѓународни проекти. Од позначајните планирано е партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **меѓународни проекти со посебен акцент за ИПА фондовите**, како и зедничко учество во аплицирање и реализација на проекти со други општини од Република Македонија во рамки на Програмите на различни донатори, меѓународни асоцијации, фондови, амбасади и други, за **меѓуопштинска соработка** и **микрорегионални проекти,** како и партиципација односно сопствено учество на Општина Охрид за аплицирање и реализација на **регионални проекти** во рамките на Југозападниот плански регион согласно | Исплатени се 4.380.457,00 од сопствено учество од кои 472.132,00 за електрични велосипеди а 3.908.325,00 за електрични возила во рамките на проектот OHRID GO. Истите по завршување на проектот ќе бидат рефундирани од МЛС.<br>Во следниот квартал следи завршување на процедурата и исплата на проектен ревизор, со што овој проект ќе е во целост завршен. | Во овој квартал се исплатени 4.380.457,00 денари |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Законот за рамномерен регионален развој и Годишната програма за финансирање на регионални проекти на Бирото за регионален развој и проектите со средства од Агенцијата за рурален развој и други агенции, вклучувајќи и средства наменети за членарина, партиципација за реализација на одобрени проекти кон Центарот за развој на југозападен плански регион и останати институции и организации. | | |
| **4.2.** | **Средства од аплицирани и одобрени проекти** | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Јануари – Јуни 2025 | Имплемента ција на активности од проектот „Roads Not Taken: Municipality of Ohrid Going Green, Smart, Innovative (OHRID GO) | Целта на проектот е:<br>-Адаптација на просторот на поранешната воена касарна со претварање во технолошко- рекреативна зона (изготвување на сеопфатна физибилити студија за генерален развој на просторот и адаптација во технолошко-рекреативна зона),<br>- Подобрување на локалната микро-мобилност преку воведување на Smart City Bike System (набавка на 60 велосипеди и 10 докинг станици низ Охрид и околината),<br>- Создавање на услови за креирање на работни места со висока додадена вредност (формирање на Стартап Центар и организација на голем број на обуки и менторства),<br>- Иновативни рекреативни содржини во поранешната касарна. | Во овој период се изготвуваше финален наративен и финансиски извештај. Истиот ќе биде пратен до Европска делегација на разгледување и одобрување во наредниот период. | Во овој квартал се исплатени средства од сопствено учество наведени во точка 4.1. |
| 2. | Јануари – Јуни 2025 | Проект Recycle Med | Проектот е во партнерство со Универзитетот на Тесалија за специјални грантови за истражување, Асоцијација за Медитерански комори за комерција и индуствија од Шпанија, Агенција за енергетска ефикасност од Шпанија, општина Цефалу - Италија, Национално здружение на општина на Р.Бугарија, општина Бар – Црна Гора и Living prospects од Крв - Грција. Recycle Med го поддржува Медитеранскиот крајбрежен туризам и дестинации, со цел адаптација и прифаќање на сина и циркуларна пракса за | Проектот беше претходно аплициран, додека во овој квартал се одобри во полн износ од 130.595,00 ЕУР. Се реализираат подготвителните активности кои се потребни за потпишување на договорот, односно JEMS account, поврзување на истиот со проектната апликација, давање пропратни документи, финансиска идентификација и др.документи потребни за валидност како проектен партнер. | Во овој квартал не се искористени финансиски средства. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | туризам, преку мобилизирање на релевантни фактори и заинтересирани страни, пренесување на постоечки и корисни алатки за креирање на активности кои се стремат кон син и циркуларен туристички модел. Придонесува до СО 2.6 – Промовирање на транзицијата за циркуларна и ефикасна економија под одржливата мисија за туризам. Аплициран во програмата на Balkan Med. | Се склучи договор за партнерство и целосен договор на проектот и се отпочна со планирање на проектите активности. Во овој период беше и одржан првиот состанок во Волос – Р.Грција, каде беа дефинирани цели и активности, каде беше одлучено првата работилница да се одржи во Охрид. | |
| 3. | Јануари – Јуни 2025 | Проект WI-Fi 4 Western Balkan | Проектот WI-Fi 4 Western Balkan се однесува на добивање на 3 Wi-Fi Hot Spot локации кои се наоѓаат во централното подрачје на градот. | Во овој квартал Проектот WI-Fi 4 Western Balkan се одржаа состаноци со цел добивање на насоки за аплицирање, генерирање на идеја и мапирање на локациите. Апликациониот процес е успешно спроведен. Ако се прифати апликацијата ќе се добие опрема која ќе има авансен период од 3 години за користење. | Во овој квартал не се искористени финансиски средства. |
| 4. | Јануари – Јуни 2025 | Проект Urbact | Се изработува апликација за програмата на Urbact и во согласност со партнерството ќе се одлучи која е најприкладна за општина Охрид. | Испратени се 16 понуди за партнерство во програмата на Urbact од кои 10 вратија повратен одговор за аплицирање на заеднички проекти кои се во интерес на општината. На сите 10 беа испратени податоци кои беа побарани од страна на општина Охрид. Се очекува понатамошна соработка. | Во овој квартал не се искористени финансиски средства. |

**Број 08- 12032/36**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/153**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИТЕ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА - ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за финансиските потреби на Територијалната противпожарна единица - Охрид за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

ИЗВЕШТАЈ

За работата на Територијалната противпожарна единица – Охрид (ТППЕ) и реализација на Програмата за финансиските потреби на ТППЕ за 2025 година,за период од 01.04.2024 до 30.06.2025 година.

Заради гаснење на пожари,спасување на животот на граѓаните и имотот загрозени од пожари и експлозии,укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации,како и извршување на други работи при незгоди и несреќи воедно и извршување на задолженија,наредби и услуги,ТППЕ Охрид во второто тромесечие во 2025 година изврши и превзеде за решавање 104 (116 во 2024) интервенции и тоа:

ПОЖАРИ

| Вид на пожар | Општина Охрид | | Општина Дебрца | | Општина Струга | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 | 2025 | 2024 |
| Пожари на објекти | 20 | 17 | 1 | / | / | / | 21 | 15 |
| Пожари на отворен простор | 18 | 39 | 2 | 1 | / | / | 20 | 17 |
| Пожари на сооб.средства | 8 | 2 | / | 2 | / | / | 8 | 3 |
| Останато | / | / | / | / | | | / | / |
| Вкупно | 46 | 58 | 3 | 3 | / | / | 49 | 61 |

| Видови на опожарени објекти (тромесечие) | |
|---|---|
| Станбена зграда | 7 |
| Куќа | 10 |
| Угостителски објект | 1 |
| Трговски дуќан | 1 |
| Останати градежни објекти | 2 |

Од вкупниот број на опожарени објекти, Тппе Охрид интервенираше на 9 опожарувања од поголем обем ( пожари на индивидуални станбени објекти,пожари на простории во објектите, опожарувања на производен погон, угостителски објекти,шупи,делови од кровни конструкции,останати магацини,.. и сл.), и 12 опожарувања на оџачки канали.

ПОЖАРИ НА ОТВОРЕН ПРОСТОР

Во Второто тромесечие на 2025 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 20 пожари на отворен простор. Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 6 опожарувања на земјоделски површини/стрништа, , 5 интервенции на опожарени депонии , и 9 останати интервенции на отворен простор (опожарени контеењери, трска и сл.). Според наша интерна проценка приближната опожарена површина изнесува околу 4,5 Ха

ПОЖАРИ НА СООБРАЌАЈНИ СРЕДСТВА

Во Второто тромесечие на 2025 година, ТППЕ Охрид интервенираше на вкупно 8 пожари на сообраќајни средства . Од вкупниот број на пожари нашите екипи интервенираа на 5 опожарени патнички моторни возила, и 1 опожарување на товарно моторно возило, 1 опожарување на работна машина и 1 опожарување на пловен објект.

| Начин на предизвикување на пожарите според интерна проценка | |
|---|---|
| Намерно палење | 8 |
| Невнимание | 12 |
| Неутврдено | 29 |

| Причина за појава на пожарите | |
|---|---|
| Отворен пламен | 9 |
| Ложиште/огниште | 9 |
| Ел.уреди и апарати | 2 |
| Пров.заг. со оптеретување | 4 |
| Неутврдено | 25 |

Од вкупниот број на пожари во Второто тромесечие на 2025 година, сопственоста на објектите и просторот во Општина Охрид и Општина Дебарца е следна:

- Во приватна сопственост - 31 ( 26 во 2024 )
- Во државна сопственост - 18 ( 35 во 2024 )
- Во државно-приватна соп. - 0 ( 0 во 2024 )
- По основ на осигурување од пожар од вкупниот број на пожари на објекти и простори во Второто тромесечие за 2025 година 8 објекти се пријавени како осигурани по основ на штета од пожари ( 5 во 2024 ).

Споредбено со 2024 година, во Второто тромесечие во 2025 година имавме 12 интервенции за гаснење на пожар помалку.

ТЕХНИЧКИ ИНТЕРВЕНЦИИ

| Технички интервенции | | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Интервенции во услови на сообр.незгоди | 2 | 2 |
| Интервенции на испумпување на вода од поплавени | 6 | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| простории | | |
| Спасување на луѓе и животни од височини и длабочини | / | 1 |
| Отварање на заклучени објекти | 11 | 5 |
| Обезбедување, санирање на состојби после несреќи | / | 1 |
| Несреќи со опасни материи | / | / |
| Осветлување на терени | / | / |
| Друго | 9 | 14 |

Во текот на Второто тромесечие во 2025 година, ТППЕ – Охрид во ситуации од спасување на животот на граѓани и укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации изврши вкупно 28 интервенции ( 27 во 2024 )

Техничките интервенции се извршени со 6 ПП возила,секое возило со своја специфична намена при употреба.

Успешно завршени до 1 час – 22 , за време од 1-2 часа – / , над 2 часа – 6

ДРУГИ АКТИВНОСТИ И УСЛУГИ НА ТППЕ – ОХРИД

Во придонес за поголема безбедност на подрачјето на Општина Охрид и Општина Дебрца , во одредени случаеви на итна потреба , задолженија , наредби и барања , ТППЕ – Охрид во текот на второто тромесечие во 2025 година изврши вкупно 27 активности и услуги ( 28 во 2024 ) и тоа:

| Други активности и услуги на ТППЕ – Охрид | | |
|---|---|---|
| | 2025 | 2024 |
| Обезбедувањд на странски натпревари | 12 | 11 |
| Обезбедување на објекти и друго | 10 | 7 |
| Носење на вода | / | 1 |
| Други активности и услуги | 5 | 9 |

Во текот на овој период согласно планот за јавни набавки по основ на поправки, сервисирање,гуми за пп возила,набавка на горива за пп возила,пумпи и сл,купување на пп опрема,сервисирање и испитување на пп апарати, регистрација на возила, осигурување на вработени, итн.,реализирани се средства во висина од 115.000,оо ден.

Согласно Правилникот на ТППЕ - Охрид за извршување на дополнителни задолженија
(обезбедување спортски настани, културни манифестации,објекти и сл. ) ,како приход на Општина Охрид реализирани се средства во висина од 36.900,оо денари.

Сите видови на интервенции ТППЕ – Охрид , ги извршуваше со 39 пожарникари и 6 возила.

**Број 08-12032/38**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2025-2027 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/153**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/1, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2025-2027 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/39** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Во текот на Вториот квартал 2025 година се работеше на изработка на плановите предвидени со Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Охрид 2025-2027. Дел од нив се комплетираат за согласност во Министерството за транспот и врски, дел се во фаза на изработка, а дел сѐ уште не се отпочнати со работа.

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА ВТОР КВАРТАЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025-2027**

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКИ ДОКУМЕНТАЦИИ И ПРОЕКТИ КОИ СЕ ВО ФАЗА НА ИЗРАБОТКА И ДОНЕСУВАЊЕ

## *I. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид*

| **I-1. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 1.1** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 1, УБ 1.1- опфат Табана | |
| | • **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи има несовпаѓање со катастарот** | |
| **2** | **Урбан блок 2.1** | |
| 2.1 | ДУП УЗ 2, УБ 2.1-опфат Кеј | |
| | • **Изработка на нова ажурирана подлога бидејќи** | |

| | | |
|---|---|---|
| | **има проблем со катастарот**<br>• **Нов анекс на заштитно - конзерваторски основи** | |
| **3** | **Урбан блок 2.3** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 УБ 2.3 опфат 7 | |
| | • **Доставен до изработувач за корекции** | |
| **5** | **Урбан Блок 5.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.2 | |
| | ▪ **Нема одобрена планска програма** | |
| **6** | **Урбан блок 5.3** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.3 | |
| | ▪ **Доставен до изработувач за корекции** | |
| **7** | **Урбан Блок 5.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 5 УБ 5.4 | |
| | • **Планот нема активности** | |
| **8** | **Урбан блок 12.4** | |
| 8.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 - опфат 3 | |
| | • **Чека мислењеод ЕВН** | |
| **9** | **Урбан блок 14.2** | |
| 9.1 | ДУП за УЗ 14, дел од УБ 14.2 – опфат 1 | |
| | • **Нема активности** | |
| **10** | **Урбан блок 15.1** | |
| 10.1 | Измени и дополнувања на ДУП за УЗ 15 (15-ти Корпус) дел од УБ 15.1 плански опфат 1 | |
| | • **Негативно мислење од Министерството за образование, поради кое неможе да се испрати на согласност во МТВ – нема активности** | |
| **11** | **Урбан блок 15.4** | |
| 11.1 | ДУП за УЗ 15, дел од УБ 15.4 – опфат 1 | |
| | ▪ **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |
| **12** | **Урбан блок 16.3** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 4 | |
| | • **Се постапува по негативен допис добиен од Агенцијата за катастар** | |

**I-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ - УРБАНИ КОМПЛЕКСИ ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 1 - "Табана" | |
| 2 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 2 -"Болнички" | |
| 3 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 3 - "Мал Свети Климент" | |
| 4 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 4 - "Робевци" | |
| 5 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 5 -"Радничка" | |
| 6 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел одУБ 1.2 – Урбан комплекс 6 - "Св.Софија" | |
| 7 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 7-"Долни Сарај" | |
| 8 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 8 - "Канео" | |
| 9 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 –Урбан комплекс 9-"Плаошник" | |
| 10 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 10 "Св.Врачи" | |
| 11 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2 – Урбан комплек 11 – "Самоилова тврдина" | |
| 12 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 и дел од УБ 1.2 – Урбан комплекс 12 - "Горна Порта -Театар" | |
| 13 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 13 - "Св.Богородица Перивлепта" | |
| 14 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 14- "Чаршија" | |
| 15 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1 – Урбан комплекс 15 - "Месокастро" | |
| 16 | ДУП во УЗ 1 УБ 1.3 и дел од УБ 1.1– Урбан комплекс16 - "Чинар" | |
| 17 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.1, дел од УБ 1.4 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 17 - "Кошишта" | |
| 18 | ДУП во УЗ 1 дел од УБ 1.2, дел од УБ 3.2 и дел од УБ 3.4 – Урбан комплекс 18 - "Воска" | |
| 19 | ДУП во УЗ 2 дел од УБ 2.1 Урбан комплекс 19 - "КЕЈ" | |

| | | |
|---|---|---|
| **I-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПЛАНОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СВЕТСКОТО ПРИРОДНО И КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ОХРИДСКИОТ РЕГИОН ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД** | | |
| **1** | **Детални урбанистички планови во УЗ 1** | |
| **2** | **Детални урбанистички планови во УЗ 2** | |
| **3** | **Детални урбанистички планови во УЗ 3** | |
| **4** | **Детални урбанистички планови во УЗ 4** | |
| **5** | **Детални урбанистички планови во УЗ 5** | |
| **6** | **Детални урбанистички планови во УЗ 6** | |

| | | |
|---|---|---|
| **7** | **Детални урбанистички планови во УЗ 7** | |
| **8** | **Детални урбанистички планови во УЗ 8** | |
| **9** | **Детални урбанистички планови во УЗ 9** | |
| **10** | **Детални урбанистички планови во УЗ 10** | |
| **11** | **Детални урбанистички планови во УЗ 11** | |
| **12** | **Детални урбанистички планови во УЗ 12** | |
| **13** | **Детални урбанистички планови во УЗ 13** | |
| **14** | **Детални урбанистички планови во УЗ 14** | |
| **15** | **Детални урбанистички планови во УЗ 15** | |
| **16** | **Детални урбанистички планови во УЗ 16** | |
| **17** | **Детални урбанистички планови во УЗ 17** | |
| **18** | **Детални урбанистички планови во УЗ 18** | |

| **I-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА** | | |
|---|---|---|
| **1** | УП за село Пештани | |
| | • **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| 2 | УП за село Велестово | |
| | • **Изработени ажурирании подлоги** | |
| | | |

| **I-5. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА** | | |
|---|---|---|
| **1** | ЛУПД за намена Е2 – комунална супраструктура за изградба на претоварна станица за комунален отпад на дел од КП 1219/1 КО Долно Лакочереј – вон град | |
| | • **Изработен Финален извештај за влијание на живот средина** | |

## ***<u>II. Планови кои ќе ги финансира Општина Охрид и Агенции формирани од Влада</u>***

| **II-1.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛО ФИНАНСИРАНИ ОД ОПШТИНА ОХРИД И АГЕНЦИИ ФОРМИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
|---|---|---|
| 1 | УП за село Љубаништа | |

| | | |
|---|---|---|
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 2 | УП за село Трпејца | |
| | • **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 3 | УП за село Елшани | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 4 | УП за село Лагадин | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 5 | УП за село Долно Коњско | |
| | • **Дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 6 | УП за село Велгошти | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 7 | УП за село Лескоец | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 8 | УП за село Косел | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 9 | УП за село Горно Лакочереј | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 10 | УП за село Долно Лакочереј | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 11 | УП за село Подмоље | |
| | • **Се врши корекција на границата по добиените податоци од Агенција за патишта** | |
| 12 | УП за село Орман | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 13 | УП за село Горно Коњско | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 14 | УП за село Рамне | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 15 | УП за село Опеница | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |
| 16 | УП за село Вапила | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| 17 | УП за село Сирула | |
| | • **Во фаза на одобрување на Планска програма** | |
| 18 | УП за село Куратица | |
| | • **Одобрена Планска програма** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-1. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ ОД ВЛАДА** | | |
| 1 | УПВНМ за изградба на туристички локалитет Горица-Св.Стефан- Метропол со пристаниште КО Коњско Општина | |
| | ▪ **На планер за постапување по забелешки** | |
| 2 | УПВНМ за индустриска зона "Охрид" КО Охрид 4 | |
| | ▪ **На планер за постапување по забелешки** | |

| | | |
|---|---|---|
| **III-2. ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ФИНАНСИРАНА ОД ВЛАДА** | | |
| **1** | ЛУПД ,,Купи куќа за млади,, | |
| | • **На планер за постапување по забелешки** | |

## ***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

| | | |
|---|---|---|
| **IV-1. ЗАЕДНИЧКА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ГУП И ДУП ФИНАНСИРАН СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| **1** | Обединета постапка на ГУП и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1 | |
| | ▪ **Кај Комисија по извршени корекции** | |
| **2** | Обединета постапка за изменување и дополнување на ГУП за УЗ 9 УБ 9.3 и ДУП УЗ 9 УБ 9,3 опфат,,1,, | |
| | ▪ **Кај планер за корекција со забелешки од Комисија** | |
| **3** | Обединета постапка за изменување и дополнување на ГУП за УЗ 10 УБ 10.1 и ДУП УЗ 10 УБ 10,1 опфат,,1,, | |
| | ▪ **Кај планер за корекција со забелешки од Комисија** | |
| 4 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 11 УБ 11.1 и ДУП УЗ 11 УБ 11.1- опфат 3 | |
| | ▪ **Во фаза на изработна на Нацрт фаза** | |
| 5 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.3 и ДУП УЗ 12 УБ 12.3 - опфат 4 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Кај планер за корекција со забелешки од Комисија** | |
| 6 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.5 и ДУП УЗ15 УБ 15.5 - опфат 2 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција со забелешки од Комисија** | |
| 7 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 12 УБ 12.2 и ДУП УЗ 12 УБ 12.2 - опфат 1 | |
| | ▪ **Аплиирана Планска програма** | |
| 8 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 4 УБ 4.4 и ДУП УЗ 4 УБ 4.4- опфат 1 | |
| | ▪ **Позитивно мислење од комисија и изработка на СЕА** | |
| 9 | Обединета постапка за измена и дополнување на ГУП за УЗ 2 УБ 2.2 и ДУП УЗ 2 УБ 2.2 - опфат 4 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција со забелешки од Комисија** | |

| **IV-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| **1** | **Урбан блок 2.2** | |
| 1.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.2 - опфат 5 | |
| | **Одобрена иницијатива** | |
| **2** | **Урбан блок 2.3** | |
| 2.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 5 | |
| | ▪ **Подготовка за согласност** | |
| 2.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.3 - опфат 6 | |
| | ▪ **Завод и музеј на Охрид – издаботува нови заштитно конзерваторски основи**<br>▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **3** | **Урбан блок 2.4** | |
| 3.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 1 | |
| | ▪ **Се подготвува за јавна анкета и презентација** | |
| 3.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.4 - опфат 3 | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Планот е вратен кај изработувачот за да се постапи и усогласи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион** | |
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.1 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 2 | |
| | ▪ **Побарани се мислења од релевантните институции** | |
| **5** | **Урбан Блок 3.2** | |
| 5.1 | ДУП во УЗ 3 дел од УБ 3.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион- нема активности** | |
| 5.2 | ДУП за изменување и дополнување на ДУП за УЗ 3 – Кошишта, дел од УБ 3.2,за плански опфат помеѓу улиците: Васил Стефоски, Махмуд Рифат и новопроектир. улица | |
| | ▪ **Нема актививности** | |
| **6** | **Урбан Блок 4.2** | |
| 6.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.2 – опфат 2 | |
| | ▪ **ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.2 опфат 2** | |
| | ▪ **Доставен нацрт план** | |
| **7** | **Урбан Блок 4.4** | |
| 7.1 | ДУП во УЗ 4 УБ 4.4 опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрен нацрт план , се донесува СЕА** | |
| **8** | **Урбан Блок 4.5** | |
| 8.1 | ДУП во УЗ 4 дел од УБ 4.5 опфат 2 | |
| | ▪ **Планот е на согласност во МТВ** | |
| **9** | **Урбан Блок 6.1** | |
| 9.1 | ДУП во УЗ 6 ,УБ 6.1 опфат 3 | |
| | ▪ **Нема активности** | |
| **10** | **Урбан Блок 6.2** | |
| 10.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДЕЛ 2 од ДУП за 6-та УЗ УБ 6.2 | |
| | ▪ **Планот се преработува согласно Планот за управуван со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион – нема активности** | |
| **11** | **Урбан Блок 7.1** | |

| | | |
|---|---|---|
| 11.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | |
| | ДУП за УЗ 7 дел од БЛ 7.1 опфат 1(измени и дополнувања) | |
| | ▪ **Отпочната постапка** | |
| **12** | **Урбан Блок 7.2** | |
| 12.1 | ДУП за УЗ 7 дел од Б 7.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислењето добиено одд на Комисијата за управување со светскот природно и културно наследство во Охридскиот регион** | |
| **13** | **Урбан Блок 8.1** | |
| 13.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.1 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Испратен на Комисија за управување** | |
| 13.2 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.1 – опфат 3 | |
| | ▪ **Планот е кај планер за постапување** | |
| 13.3 | ДУП за УЗ 8 УБ 8.1 - опфат 4 | |
| | ▪ **Нацрт фаза – изработување на СЕА** | |
| **14** | **Урбан блок 8.2** | |
| 14.1 | ДУП за УЗ 8 дел од УБ 8.2 – опфат 1 (измена и дополнув.) | |
| | ▪ **Нацрт Планот е кај планер за постапување по забелешките од Комисијата за управување во Охридскиот регион** | |
| **15** | **Урбан блок 8.3** | |
| 15.1 | ДУП за УЗ 8, УБ 8.3 опфат - 2 | |
| | ▪ **Фаза- Планска програма** | |
| **16** | **Урбан блок 9.2** | |
| 16.1 | ДУП за УЗ9, УБ 9.2 - Опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **17** | **Урбан блок 10.2** | |
| 17.1 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 1 | |
| | ▪ **Планерот постапува по забелешки од Комисија за урбанизам** | |
| 17.2 | ДУП воУЗ 10 дел од УБ 10.2 опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **18** | **Урбан блок 10.4** | |
| 18.1 | ДУП за измена и дополнување на ДУП за УЗ 10 и 11 УБ 10.4 и 11.1, Влашка Маала и Градинар | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Планот треба да се преработи согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион – нема активности** | |
| 18.2 | ДУП за УЗ 10 и 11, дел од УБ 10.4 и 11.1 – опфат 2 (измена и дополнување) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по мислење од комисија за управување** | |
| **19** | **Урбан Блок 11.2** | |
| 19.1 | ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.2 – опфат 1 | |
| | ▪ **За постапување по забелешки** | |
| **20** | **Урбан Блок 11.3** | |
| | ▪ ДУП за УЗ 11 дел од УБ 11.3 – опфат 3 | |
| | ▪ **Одобрена иницијатива** | |
| **21** | **Урбан блок 11.4** | |
| 21.1 | ДУП за УЗ 11, УБ 11.4 опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена планска програма** | |
| **22** | **Урбан Блок 11.5** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.5 | |
| | ▪ **На корекции по забелешки од Министерство за транспорт** | |
| **23** | **Урбан Блок 12.1** | |
| 23.1 | ДУП за измени и дополнувања на ДУП во УЗ 12 дел од УБ 12.1 - опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по забелешки – нема активности** | |
| 23.2 | ДУП во УЗ 12 УБ 12.1 - опфат 2 (измени и дополнувања) | |
| | ▪ **Кај планер за корекција по забелешки – нема активности** | |
| **24** | **Урбан Блок 12.3** | |
| 24.1 | ДУП за УЗ 12 , УБ 12.3 - опфат 3 | |
| | ▪ **Пред подготовка на јавна анкета и презентација** | |
| **25** | **Урбан Блок 12.4** | |
| 25.1 | ДУП за УЗ 12 дел од УБ 12.4 – опфат2 | |
| | ▪ **По препорака на МТВ се изработи нова ажурурирана подлога и се вршат корекции по истата**<br>▪ **Планот се преработува согласно Планот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион – нема активности** | |

| | | |
|---|---|---|
| **26** | **Урбан Блок 13.3** | |
| 26.1 | ДУП за УЗ 13 дел од УБ 13.3 - опфат 1 | |
| | ▪ **Поради непостапување на Планерот по забелешки, планот ќе биде прекинат** | |
| 26.2 | ДУП за УЗ , УБ 13.3 - опфат 2 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување** | |
| **27** | **Урбан блок 15.4** | |
| 27.1 | ДУП за УЗ 15, УБ 15.4 опфат - 2 | |
| | ▪ **Нема активности** | |
| **28** | **Урбан блок 15.5** | |
| 28.1 | ДУП за УЗ 15 дел од УБ 15.5 - опфат 1 | |
| | ▪ **Во постапка на одобрување на планска програма** | |
| **29** | **Урбан блок 16.1** | |
| 29.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 2 | |
| | ▪ **планска програма – во фаза за одобрување** | |
| 29.2 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 3 | |
| | ▪ **Се постапува по забелешките од Министерство за транспорт** | |
| 29.3 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.1-опфат 4 | |
| | ▪ **Одобрена нацрт фаза- на коисија за управување** | |
| **30** | **Урбан блок 16.2** | |
| 30.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.2-опфат 2 | |
| | ▪ **Одобрена нацрт фаза- на коисија за управување** | |
| **31** | **Урбан блок 16.3** | |
| 31.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување** | |
| **32** | **Урбан блок 18.1** | |
| 32.1 | ДУП за УЗ 18 УБ 18.1 – опфат 1 | |
| | ▪ **Кај планер за постапување - нема активности** | |

| | | |
|---|---|---|
| **IV-3. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ЕДНА ПАРЦЕЛА ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
| 1 | ДУП за ГП 1.12 во УЗ 2, дел од УБ 2.2 на КП 15542/1, КО Охрид 3 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | ДУП за ГП 3.1.1 на КП 14231, 14230/1, 14239, во УЗ 3 УБ 3.1, КО Охрид 3 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 3 | ДУП за ГП 1.15.1 во УЗ 4, дел од УБ 4.1 на КП 13889/3 и др. | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 4 | ДУП за ГП 7.1.113 на КП 11099/1 во УЗ 7 УБ 7.1 КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 5 | ДУП за ГП 8.1.1 во УЗ 8, блок 8.1 на КП 11810/1, КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 6 | ДУП за ГП 1.10.2.1 во УЗ 10, УБ 10.2 на КП 10151 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 7 | ДУП за ГП на КП 10426/1 во УЗ 10 УБ 10.2 во КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 8 | ДУП за ГП на КП 10143/1 во УЗ 10 УБ 10.3 во КО Охрид 2 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 9 | ДУП за ГП 1 на кп 9883/1 КО Охрид 2 УЗ 10 делод УБ 10.3 | |
| | ▪ **На согласност во Министерство за транспорт** | |
| 10 | ДУП за ГП 1 на кп 4391/1 делод УБ 11.4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 11 | ДУП за ГП 13.2.1 во УЗ 13, УБ 13.2 на КП 3477/12, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 12 | ДУП за ГП 1 дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 на КП 3463/3, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 13 | ДУП за ГП 13.3.1 во дел од УЗ 13, дел од УБ 13.3 за на КП 3340/1 – опфат на улица Винковачка | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 14 | ДУП за ГП 13.4.2 во УЗ 13, УБ 13.4 на КП 3167, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 15 | ДУП за ГП 1 на КП 3736, 8601/2, 3731 во УЗ 15 дел од УБ 15.6, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 16 | ДУП за ГП 16.1.1 во УЗ 16, УБ 16.1 на КП 37/16 и 36/1, КО Велестово | |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |
| 17 | ДУП за ГП 16.1.1 дел од УЗ 16, дел од УБ 16.1 на КП 37/14 | |
| | ▪ **Да се постапи по автентичното толкување од Влада** | |

| **IV-4. УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | УПВНМ за комплекс Андон Дуков, КО Охрид 4 | |
| | ▪ **Кај изработувач за постапување по мислење од комисија** | |
| 2 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 1 | |
| | ▪ **Одобрен нацрт план , испратен до институции на мислење** | |
| 3 | УПВНМ за дел од комплекс Горица – опфат 2 | |
| | **Планот е дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 4 | УПВНМ Горица Север | |
| | **Планот е дел од Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за заштитена зона на крајбрежен појас на Охридското езеро** | |
| 5 | УПВНМ за плански опфат за локалитет Св.Стефан опфат 1 | |
| | | |
| 6 | УПВНМ Долно Лакочереј за викенд населба на место викано Вишо | |
| | ▪ **Се чека пренамена од земјоделско во градежно земјиште** | |
| 7 | УПВНМ за потег Лагадин – Пештани, плански опфат 1 , на дел од КО Пештани и дел од КО Елшани, општина Охрид | |
| | ▪ **Фаза нацрт план- на мислење кај институции** | |
| 8 | УПВНМ Горица Исток – опфат 1 | |
| | ▪ **Фаза Нацрт план- на комисија** | |
| 9 | УПВНМ Горица Исток – опфат 2 | |
| | ▪ **Фаза Нацрт план- на комисија** | |
| 10 | УПВНМ Горица Исток – опфат 3 | |
| | ▪ **Фаза Планска програма** | |

| **IV-5. ЛОКАЛНИ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ** | | |
|---|---|---|
| 1 | ЛУПД за изградба на базна станица за мобилна телефонија | |

| | | |
|---|---|---|
| | ОХР 3108 КО Долно Лакочереј-вон град | |
| | ▪ **Се чека достава на документација за влијанието на мобилната станица** | |
| 5 | ЛУПД за ГП1 со основна класа на намена А4-времено сместување на КП 1544/1 во КО Трпејца, општина Охрид | |
| | ▪ **Завршена постапка** | |

**Број 08-12032/40**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01.ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/154**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ДАНОЦИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за даноци за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/41**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА УТВРДУВАЊЕ И НАПЛАТА НА ДАНОК НА ИМОТ, ДАНОК НА ПРОМЕТ И ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК И ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ПРИЕМ, ИЗДАВАЊЕ, ЗАВЕРКА НА ДОКУМЕНТИ ЗА ДАНОЦИ НА ИМОТ, ПРОЦЕНКА НА НЕДВИЖЕН ИМОТ, ПРИСИЛНА НАПЛАТА И СМЕТКОВОДСТВО ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2025 ГОДИНА ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

Во рамки на надлежностите на локалната самоуправа - одделението за утврдување и наплата на данок на имот, данок на промет и данок на наследство и подарок и одделението за прием, издавање, заверка на документи за даноци на имот, проценка на недвижен имот, присилна наплата и сметководство ги вршат работите што се однесуваат на утврдување на обврската за даноци, изготвување решенија, следење на наплатата на даноците, водат постапка на присилна наплата на даночниот долг и сите други работи кои се однесуваат на даноците на имот како сопствени извори на финансирање на Општина Охрид.

**ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година во работа се **739** предмети од **данок на наследство и подарок** од кои:

- 719 предмети се по даночни пријави од 2025 година.
- 20 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2025 година - **719**:

- 8 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 3 предмети се повлечени ( донесени се решенија за запирање на постапката) .
- 2 предмети се спорни.
- За 706 изготвени се решенија од кои:
- 541 решение е со даночно ослободување.
- 165 решенија се со даночно задолжување.

Даночното задолжување по основа на решенија за данок на наследство и подарок по предмети поднесени во 2025 година изнесува **8.155.204,00** денари од кои заклучно со 30.06.2025 година:

- наплатени се 7.267.274,00 денари.
- ненаплатени се 887.930,00 денари.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година по основа на данок на наследство и подарок остварени се приходи во износ од **11.063.024,00** денари од кои:

- 7.267.274,00 денари се по задолжување од предмети од 2025 година.
- 3.795.750,00 денари се по задолжување од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници не е поведен управен спор со тужба на решение

**ДАНОК НА ПРОМЕТ НА НЕДВИЖНОСТИ**

За периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година во работа се **593** предмети од **данок на промет на недвижности** од кои:

- 581 предмет е по даночни пријави од 2025 година.
- 12 предмети се по даночни пријави од минати години.

Од вкупниот број предмети по даночни пријави од 2025 година - **581:**

- 14 предмети се во процедура пред овластените проценители за утврдување на пазарна вредност на недвижноста.
- 3 предмети се повлечени ( донесени се решенија за запирање на постапката) .
- 2 предмети се некомплетни.
- За 562 изготвени се решенија од кои:
- 547 решенија се со даночно задолжување.
- 15 решенија се со даночно ослободување.

Вкупното даночно задолжување по основа на решенија за данок на промет на недвижности по предмети поднесени во 2025 година изнесува **62.158.378,00** денари од кои заклучно со 30.06.2025 година :

- наплатени се 52.562.303,00 денари
- ненаплатени се 9.596.075,00 денари.

Во периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година по основа на данок на промет на недвижности остварени се приходи во износ од **58.051.285,00** денари од кои:

- 52.562.303,00 денари се по задолжувања од предмети од 2025 година.
- 5.488.982,00 денари се по задолжувања од предмети од минати години.

Од страна на даночните обврзници не е поведен управен спор со тужба на решение.

**ДАНОК НА ИМОТ**

За периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година обработени се **1.773** даночни пријави, **1117** даночни одјави и **542 п**ријави за промени на данок на имот. Од нив 41 даночна пријава е поднесена од самите даночни обврзници, а 1.732 се по службена должност.

За 2025 година изготвени се **35.129** решенија за данок на имот од редовен облог и тоа: 34.443 решенија од данок на имот на физички лица и 686 решенија од данок на имот на правни лица.

Вкупното задолжување по основа на донесени решенија за 2025 година изнесува **115.072.836,00** денари од кои 88.500.216,00 денари изнесува облогот за физичките лица и 26.572.620,00 денари изнесува облогот за правните лица.

Доставата на решенијата за данок на имот за 2025 година е во тек.

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година остварени се приходи по основа на данок на имот во износ од **47.565.267,00** денари од кои 35.406.992,00 денари данок на имот од физички лица и 12.158.275,00 денари данок на имот од правни лица.

Во периодот 01.01.2025 до 30.06.2025 година изготвени се 269 решенија за данок на имот по припис со задолжување во износ од 2.262.818,00 денари.

Во истиот период изготвени се и 42 решенија за пренасочување на погрешно уплатени средства и 6 решенија за поврат на паричен износ.

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година извршено е вреднување и ревреднување на 337 индивидуални станбени згради (куќи), 390 станови, 169 гаражи, 52 деловни простори, 108 помошни објекти, 3 хотели, 16 деловни згради и простори, 9 административни згради и простори, 55 апартмани и 2 ресторани. За потребите од вреднувањето и ревреднувањето изготвени се 1179 извештаи за проценка на недвижен имот на територијата на општина Охрид од кои 424 извештаи се однесуваат исклучително на земјиште (дворно место, градежно изградено и неизградено земјиште и земјоделско земјиште).

Од страна на даночните обврзници не се поведени управни спорови со тужби на решенија за данок на имот за 2025 година пред Управниот суд..

**ПРИСИЛНА НАПЛАТА И ДАНОЧНО КНИГОВОДСТВО**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година изготвени **44** опомени за неплатен долг по основа на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок. Во истиот период изготвени се и **339** решенија за присилна наплата на данок на имот и **23** решенија за присилна наплата на данок на промет и данок на наследство и подарок.

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година изготвени се и 7 решенија за целосно или делумно запирање на постапката за присилна наплата.

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 книжени се 121 извод со 13.134 ставки, 152 задолженија по нетипични решенија за данок на промет на недвижности , 279 приписи за данок на имот и 45 книговодствени спроведувања на решенија за пренасочување и поврат на парични средства.

**ПОДНЕСОЦИ**

За периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година поднесени се **164** барања, и тоа: **6** барања од министерства, институции и органи за утврдување на пазарна вредност на недвижноста**, 2** барања за одлуки на Совет за определување зони за утврдување пазарна вредност на недвижен имот, **15** барања од страна на извршителите за пријавување на побарување по основа на даноците на имот, **9** барања од Управен и Виш суд за доставување списи, **3** барања од други сектори и одделенија, **17** барања за изготвување потврди по разни основи, **61** барање врз основа на данокот на имот од самите даночни обврзници ( утврдување пазарна вредност на недвижен имот и преиспитување на даночна основица), **26** барања за пренасочување, **4** барања за поврат на парични сретства, **15** барања за запирање на постапката и **6** барања по други основи.

Од нив обработени се **143** и на истите е одговорено.

**Број 08-12032/42** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 година** — **Претседател**
**О х р и д** — **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/155**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА КОМУНАЛНИ ТАКСИ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за работењето на Одделението за комунални такси за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/43**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

ИЗВЕШТАЈ

За работењето на ***Одделението за комунални такси*** за периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година.

Во рамки на надлежностите на Локалната Самоуправа, Одделението за комунални такси ги имплементира обврските кои произлегуваат од Законот за комунални такси ("Службен Весник на Република Македонија" бр. 61/04, 64/05, 92/07, 123/12, 154/15 ,

192/15 и 23/16. Со овој закон се уредуваат комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

Обврзник на комунална такса е физичко и правно лице и граѓанинот кои користат определени права, предмети и услуги за чие користење е пропишано плаќање на комунална такса.

Предмет на одданочување согласно чл.3 од овој закон односо Комуналните такси се плаќаат за:

1) секоја фирма, односно назив на деловна просторија;

2) користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;

3) користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;

4) истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;

5) користење на музика во јавните локали;

6) поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;

7) користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;

8) користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;

9) користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и моторцикли; и

10) користење и одржување на јавно осветлување.

**1. КОМУНАЛНА ТАКСА за фирма (назив)**

За првата половина од 2025 година заклучно со 30.06.2025 год изготвени се и генерирани **3435 решенија** за комунална такса за фирма (за правни лица - комунална такса за фирма – назив 3101 решенија и комунална такса за фирма на трговци поединци – 334 решенија). Решенијата се доставуваа по електронски пат. Покрај електронската достава воведена е и можност за елекронско плаќање на решнијата преку официјалната веб страна на општина Охрид.

Во текот на месец март и април се доставија сите решенија за фримарина. Изготвени се и доставени се по електронски пат опомените за заостанати долгови на обврзниците по однос на комунална такса за фирма за 2023 год. Изготвени се и доставени се по пошта решенија за присилна наплата на заостанати долгови од 2022 год.

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година по основ комунална такса за фирма остварени се приходи во износ од **5.650.656** денари.

Ненавременото пријавување на промените т.е ненавременото ажурирање на податоците за фирмите како промена на седиште, име на фирма и сл претставува проблем за достава на решенијата. Со електронската достава и наплата има подобрување и во доставата и во наплатата, но сепак треба сеуште да се работи на подобрување на доставата на решенијата за фирмарина.

Одделението за комунални такси години наназд се соочува со проблеми во однос на: генерирање на нереален акумулиран облог, доставата на решенијата, нивната наплата како и континуирано генерирање на ненаплатливи долгови. Причините за оваа состојба се отсуство на прецизни законски регулативи. Голем број од регистрираните фирми кои не работат повеќе години, основачите не ги затвораат ги оставаат во т.н.сатус - во мирување (овој статус значи фирмата не работи но исто така и не е избришана), се прават чести промени на името на фирмата, седиштето на фирмата исл. овие промени обврзницие не ги пријауваат навреме во одделението за комунални такси. Законски сопствениците на фирмите доколку сакаат да ја избришат фирамата тоа можат да го направат без обврска да ги платат заостанатите долгови кон општината по однос на фирмарина, додека органот на општината – одд за комунални такси нема законски основ за бришење на фирмите од регистарот на фирми се додека тие не бидат избришани од Централен Регстар. . На фирмите во мирување нема законска можност да не им се пресметува фирмарина, а нема ни начин како да им се наплати долгот бидејќи најчесто имаат не-функционални (затворени) трансакциски сметки. Ова е долго-годишен проблем на централно ниво на одделенијата за комунални такси.

**2.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност.**

Во периодот од 01.01.2025 год до 30.06.2025 година по основ на комунална такса за користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност, врз основа на доставените договори за закуп од Секторот за урбанизам, изработени се **55** задолженија пред деловни простории и **задолженија** за пред хотели. Остварен е приход во вкупен износ од **2.681.786** денари. По склучувањето на договорите за закуп во Секторот за урбанизам и нивното проследување до Одделението за комунални такси, обврзниците се задолжуваат за уплата на комуналната такса, која е еден од условите за добивање на одобрение за поставување урбана опрема.

**3.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на плоштади и друг простор во градот (ТЕНДЕРИ), со цел изложување предмети, изложби и забавни приредби**

Врз основа на тендерската документација од одделението за јавни набавки и по склучувањето на договорите за закуп, во времетраење од 90 дена, за доделените локации во Секторот за урбанизам, по нивното доставување во одделението за комунални такси издадени се **4** задолженија за сувенири, 1 задолженија за презентации на плоштади, **23** задолженија за куќарки и сувенир чиј закуп го дава ЈП Градски пазар, задолженија за отворени и затворени шанкови. Остварен е приход во износ од **149.372** ден.

**4. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на улици со патнички возила.**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година, остварени се приходи во износ од **3.486.603** ден.

**5.КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на музика во јавните локали.**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.205 година изготвени се **90 решенија**. Остварен е приход од **140.250** ден.

**6. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење и одржување на јавно осветлување.**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година, остварени се приходи во износ од **46.891.202** ден.

**7. КОМУНАЛНА ТАКСА за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година остварен е приход по основ на оваа комунална такса е од 2000 ден.

**8. КОМУНАЛНА ТАКСА за користење на површини во компови, подиг. шатори и др. сл употреба**

Во периодот од 01.01.2025 до 30.06.2025 година остварен е приход по основ на оваа комунална такса од вкуоно **91.540** ден.

**Број 08-12032/44**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на програмата за заштита на животната средина и природата за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/157**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА

### Член 1

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за заштита на животната средина и природата за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/45**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 64 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ“ бр. 53/05 ,81/05,24/07 и 159/08 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/2012, 93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 39/16

99/18 и 171/22), член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид ( „Сл. гласник на општина Охрид“ бр 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14,10/19 и 15/20), Секторот за заштита на животна средина и управување со отпад го доставува следниот извештај:

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИЗМЕНАТА НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2025 ГОДИНА Р1**
**за период од 01.04.2025год до 30.06.2025 год**

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, сѐ поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата. Кон наведеното, несомнена е и потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот за подобро здравје и почиста животна средина.

Со програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2025 година, планирани се активности врз основа на законските прописи и обврски, врз основа на анализите направени за можна реализација на плански документи/проекти од областа на комуналните дејности : сообраќај,улици и урбанизам во наредниот период како и подигање на јавната свест.

Анализирани се проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општина Охрид, а кои се однесуваат на истите во сите медиуми: вода, воздух, почва и природата. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Главна цел на програмата во која се предвидени активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на општина Охрид е преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка, постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во

сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

**СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА**

Со оваа програма опфатени се следните сегменти и тоа :

- Проценка на состојбите со животната средина на локално ниво;
- Дефинирање, проценка и поставување на проблемите од областа на животната средина, базирани на ризикот за човечкото здравје, еко - системите и квалитетот на животот;
- Развивање стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината и
- Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општината.

Изготвената програма за заштита на животната средина и природата за 2025 год. содржи мерки и активности за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, од интерес и во надлежност на општината, а особено за :

- Заштита на водите од загадување, пречистување на отпадните води, прогресивно намалување на штетните испуштања и постепено елиминирање на емисиите на опасни супстанци во водите и за ублажување на последиците од штетното дејство на водите и од недостигот на вода ;
- Управување со отпад;
- Заштита на биодиверзитетот;
- Управување и користење на природните ресурси и
- Подигање на јавната свест и развој на образованието за заштита и унапредување на животната средина и намалување на последиците од економскиот развој .

**ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за заштита на животната средина и природата за општина Охрид за 2025 година се финансира од извори на средства утврдени со закон, преку планирање во буџетот за 2025 година. Исто така се финансира и преку средства од разни домашни и меѓународни институции –донации .

## Предлог - проекти:

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за заштита на животната средина и управување со отпад, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други

сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Охрид. Дел од тие проекти се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, чистење на речни корита и диви депонии, јавна чистота, изработка и одржување на парковско и јавно зеленило и др.

I. **Табела на активности предвидени за реализација за заштита на животната средина и природата за 2025 год.**

| Ред.бр. | Назив на проектот | Реализација | Забелешки |
|---|---|---|---|
| 1. | **Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на плански документи** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 900.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во втората половина на 2025г. |
| 2. | **Подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух во општина Охрид – субвенционирање на граѓаните при купување на модерен систем за затоплување инвертер клими за 2025година.** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 2.000.000, 00ден | Завршен проект |
| 3. | **Интегрирана имплементација на предлог мерките предвидени со техничката документација за санација и ревитализација на предлог мерките на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел по негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 1.000.000, 00ден | Во тек се активности за реализација на проектот |
| 4. | Годишно одржување **на локалитетот Дувало -Сулфатарата во с.Косел по негово прогласување за заштитено подрачје** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 100.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во втората половина на 2025г. |
| 5. | **Студија за проценка на еколошкиот отисок на Општина Охрид** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 900.000, 00ден | Отпочната е тендерска постапка и избран е најповолен понудувач |
| 6. | **Изработка, поставување и одржување на интерактивна веб базирана апликација за Зелен катастар** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 650.000, 00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | **Паметно управување со отпад од пакување** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 300.000, 00ден | Проектот се реализира тековно |
| 8 | **Изработка на урбанистички проект и основен проект за затворање, санација и натамошна грижа за некласифицирана и нестандардна депонија Буково“** | За реализација на проектот предвидени беа средства во висина од 3.448 650, 00ден | Објавен е тендер за избор на најповолен понудувач |
| 9. | **Цветни балкони- цветен Охрид** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 100.000,00ден. | Завршен проект |
| 10. | **Чистење на Охридско Езеро од цврст отпад** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 200.000,00ден | Проектот ќе се реализира во наредниот период |
| 11. | **Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (организирање на едукативни предавања во основните училишта со овластени постапувачи со различни видови на отпад за потребата за селектирање на отпадот)** | За реализација на проектот не се потребни финансиски средства | Пректот ќе се реализира во текот на месец септември |
| 12 | **Одбележување на Европската недела на мобилност(16-22.09.2025)-Ден без автомобили** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 60.000,00ден | Преоктот ќе се реализира во текот на месец септември |
| 13. | **Есенска рамноденица - почеток на есента 23 септември(ликовен и литературен конкурс во соработка со охридските училишта)** | За реализација на проектот беа предвидени средства во висина од 30.000, 00ден | Пректот ќе се реализира во текот на месец септември |

II – Финансиски дел за активности за период 01.04.до 30.06.2025 година
Согласно финансиската евиденција во опфатениот период од оваа програма се реализирани финансиски средства во висина од 796.550,00 денари.

**Број 08-12032/46**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма за спорт и рекреација за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/157**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната Програма за спорт и рекреација за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/47** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**
**За реализација на програмата за спорт и рекреација**
**2025 година**
**Периодод 01.04 до 31.06.2025**
**Програми Л0 и ЛА**

Создавањето услови за спортување на сите генерации,за правилен физички развој на младите генерации преку изградба,реконструкција и опремување на спортските сали,фудбалски игралишта,организирање и поддршка на најразлични спортски настани и активности како и поддршка на талентирани спортисти се трајна определба на Општината Охрид во сферата на спортот.

Спортските содржини со кои располага Општина Охрид на ЈП „Билјанини Извори“, затворените и отворените спортски објекти во училиштата и неколкуте фудбалски игралишта се од големо значење за развојот на спортот и спортската рекреација.

Општината Охрид кога станува збор за младите и спортот вложува и понатаму ќе вложува во ресурсите и посветено работи врз развивањето и насочувањето на потенцијалот на младите од причина што добрите навики се развиваат рано и физички активните деца веројатно остануваат активни и кога ќе пораснат.

Со сите добитници на субвенции за трошоци за користење на спортски терени на ЈП „БилјаниниИзвори“Охрид како и добитниците на финасиски средства од буџетот на општина Охрид од програмата за спорт и рекреација за 2025 година,за програми на спортски клубови,спортски здруженија,спортски манифестации,настани,

проекти,спортисти и други правни лица од областа на спортотсе потпишаа договори со кои се регулираа односите,правата и обврските,помеѓу корисникот(спортски клуб,здружение,спортист индивидуалец) и општината,претставувана од страна на градоначалникот на општина Охрид.
Изработен е календар на одржување на спортските манифестации,настани и проекти кои се подржани од општина Охрид.

Во овај период (Втор квартал) од Програма Л0 вкупно потрошени се **29.624.644,00** денари или изразено во проценти 36.4%.Вкупно прв и втор квартал процентуална релизација на програмата изнесува 69%.
Реализација по конта втор квартал:

**-Од КОНТО 425130 –Изнајмување на друг тип на простор**.Од ова конто во овој период исплатени се **990.200,00** денари.Целокупниот износ е исплатен кон ЈП Билјанини Извори за искористени субвенции од страна на спортските клубови.

**-Од КОНТО 461130 –Субвенции за јавни комунални Претпријатија**.Од ова конто во овој период исплатени се **400.000,00** денари.Целокупниот износ е исплатен кон ЈП Билјанини Извори за набавка на Метални заштитни подвижни огради за одржување на спортски настани,манифетстации,одржување концерти со цел зголемување на безбедноста.

**-Од КОНТО 463120–Трансфери до спортски Клубови**-Икористени се средства во висина од **23.830.000,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| ГРК „Охрид“АД | 10.000.000,00 |
| ГФК Охрид Лихнидос | 6.600.000,00 |
| Градски Кошаркарски Клуб Охрид | 3.000.000,00 |
| Хваранг ИТФ Охрид | 240.000,00 |
| ФК Воска | 2.500.000,00 |
| ГФК Охрид Лихнидос-млади категории | 700.000,00 |
| ПК Акваспирит | 80.000,00 |
| Билјард Клуб-Осумка | 70.000,00 |
| СК Охрид | 120.000,00 |
| БК Фит Бедр | 120.000,00 |
| КК Колибри | 90.000,00 |
| Голф Клуб | 70.000,00 |
| ФК Еврофудбал 2 | 90.000,00 |
| Алпинистички Клуб Патагонија | 150.000,00 |
| **Вкупно** | **23.830.000,00** |

**Од КОНТО 464990-Други трансфери** -,средства наменети за подршка на спортски манифестации,настани,проекти како и средства за спортисти индивидуалци и,искористени се вкупно **4.404.444,00** денари и тоа:

| | |
|---|---|
| БК Аждер-Боречки Турнир Аждер | 65.000,00 |
| Училишен спортски клуб Гимназија-Планинарење 2025 | 60.000,00 |
| Стефани Савеска | 13.333,00 |
| Планинско Лудило-Планинско Езерски Фестивал Охрид-Галичица 2025 | 195.000,00 |
| Спорт Клуб Волеј-Активни и Среќни 2025 | 60.000,00 |
| Граѓански Интегритет-Со велосипед уживај | 40.000,00 |
| Веле Танески за Теа Танеска | 11.111,00 |
| ШК Ласкер-Пионерска Лига | 40.000,00 |
| КК Колибри-Меѓ.Кошаркарски турнир 2025 | 70.000,00 |
| Голф Клуб-Отворени голф денови | 60.000,00 |
| НАТГ Аматер-ФРИ СПИРИТ ДЕЈ | 80.000,00 |
| РШ ВАРДАР СЕДМЕРЦ-5-ка за Ракомет | 60.000,00 |
| ВК Горица Ремо-Регата со кајчиња 2025 | 95.000,00 |
| Јахтинг Клуб ОЛС-Запознај го едрењето | 75.000,00 |
| ТК Хбаранг ИТФ-Охрид Опен 2025 | 170.000,00 |
| ОхридЊуз-Нимо-Охридска спортска Азбука | 160.000,00 |
| Акватика Јахтинг-Меѓ.Едриличарска регата Охрид 2025 | 150.000,00 |
| Охридски Бранови 2008-Меѓ.ватерполо турнир | 50.000,00 |
| ШК Ласкер-Бизнис лига 2025 | 40.000,00 |
| С.Д Апостол Петар-Пливка | 70.000,00 |
| Акватика Јахтинг-Меѓ камп во едрење | 70.000,00 |
| Тен.Клуб Охрид-Отворено првенство за ветерани | 50.000,00 +120.000,00 за клуб |
| Охридски Бранови 2008-Илинденски Пливачки Маратон | 140.000.00 |
| ВК Горица Ремо-Меѓ.Веслачка Регата | 135.000,00 |
| Охридски Бранови 2008-Балканско првенство во маратонско пливање | 90.000,00 |
| Охрид Трчат-Охрид Ранинг Викенд | 575.000,00 |
| Грк Охрид-Меѓ.Меморијален Турнир | 600.000,00 |
| Нуркачки Центар Амфора-Охрид Еко 2025 | 70.000,00 |
| ФК ФЦ Копенхаген-Балкан Промисис | 80.000,00 |
| ФК ОСК Фер Плеј-Фудбалски турнир 3x3 | 60.000,00 |
| АК ОхридТрчат-Пештани Вертикал | 180.000,00 |
| ФК ОСК ФерПлеј-Фер Плеј Куп 2025 | 140.000,00 |
| ГКК Клуб Охрид Лихнидос-Меѓ Кошаркарски Турнир 2025 | 160.000,00 |
| КК Стрмец-Кајакарска Регата | 130.000,00 |
| АК ОхридТрчат-Акватлон Охрид 2025 | 190.000,00 |
| ФК ОСК Ферплеј-Младински Ферплеј Куп | 50.000,00 |
| **Вкупно** | **4.404.444,00** |

Спортските манифестации,настани и проекти од областа на спортот се одржуваа согласно изработениот календар за одржување на истите.

**Број 08-12032/48**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/158**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата за млади и невладини организации за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/49** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

**ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА МЛАДИ И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**
**01.04.2025 - 31.06.2025**

Општина Охрид ја препознава улогата на младите во развојот на општествените, демокаратски процеси, па затоа дава постојана систематизирана поддршка со цел нивно поголемо, активно вклучување во општествените процеси, а со самото тоа и развојот на градот. Програмата за млади и невладини организации претставува дополнителна алатка за вклучување на младите во сите активности на локално ниво и истата служи како водич и гаранција за успешна и просперитетна локална заедница.

Освен тоа за општина Охрид од клучна важност е и граѓанскиот сектор и неговата улога во развојот на општеството. Целта на општината е да обезбеди поголема вклученост и на граѓанскиот сектор во процесот на креирање на политики со што би се постигнал развој на градот, а притоа би се подобрил и животот во заедницата. Со спроведувањето на програмата се воспоставува партнерски однос меѓу општина Охрид и граѓанските организации, онаму каде што општината има потреба од одредена задача, а тие можат да одговорат на истата. Се разбира, општина Охрид ја почитува независноста на граѓанските организации, како и нивната слобода при креирањето и спроведувањето на сопствените политики.

Од сето ова произлегува основната функција на одделението за млади и невладини организации при општина Охрид- да претставува мост на поврзување помеѓу младите, невладините организации и општината. Задачата на вработените во одделението за млади и невладини организации, водејќи се според оваа програма, е

овозможување услови за подобра положба на младите во општеството, нивно учество во креирањето на младинските политики кои се важни за развојот на градот, формирање на работни групи по области и приоритети за потемелно и поефикасно истражување на потребите на младите, организирање на трибини, дебати, фокус групи, консултации, семинари и конференции, континуирани средби со претставниците на граѓанскиот сектор и останати активности кои произлегуваат од делокругот на работните активности на ова одделение.

**ПОДДРШКА НА НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ**

***1. поддршка на проекти кои се доследни на развојните цели а преку јавен повик општината ги определила како приоритетни за 2025 година***

Општина Охрид во изминатите три години (2021-2024 година) активно учествуваше во реализација на проектот на програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) ReLOaD2 откако беше потпишан меморандум за разбирање меѓу двете инволвирани страни. Проектот Регионална програма за локална демократија траеше до крајот на 2024 годна, беше финансиран од Европската Унија а општина Охрид учествуваше со 25% финансиска поддршка во реализација на истиот. Според меморандумот за разбирање заверен со архивски број 09-9395/1 од 13.09.2021 година, општина Охрид се обврза од 2025 година целосно да ги финансира проектите кои одговораат на развојните цели на општината а кои опшината ги определи како приоритетни на јавна дебата.

- На 26.03.2025 година општина Охрид објави Јавен повик за граѓански организации за поднесување на предлог проекти кои одговараат на развојните цели на општина Охрид. Јавниот повик е заверен со архивски број 09-4286/1 од 26.03.2025 годниа и истот траеше до 25.04.2025 година. Право да поднесат апликации на овој повик имаа сите граѓански организации чии предлог проекти се доследни на развојните цели кои на дебатата одржана на 3 март 2025 годна општината ги определи какко приоритетни за следниот период. тоа се: младински активизам и партиципација, родова еднаквост, економска и социјална инклузија, заштита на животната средина, туризам и култура.

На 28.04.2025 година од архивата на општина Охрид беше подигната пошта по однос на објавениот јавен повик кој општината го распиша на 26.03.2025 година а истиот траеше до 25.04.2025 година. Во поштата уредно беа пристигнати два коверти, примени во затворена форма а на самиот коверт беа наведени имињата на граѓанските организации:

-“Центар за општествен развој ЦОР ИМПАКТ Охрид“ со проектот од “Домашна кујна до локален развој“

- “Нуркачки центар Амфора-Охрид“ со проектот “Пулсот на езеро“

На 22.04.2025 година градоначалникот на општина Охрид донесе решение за номинација на членови во комисијата за оценка на предлог проекти кои се добиени по јавен повик за Граѓански организации во општина Охрид Според ова решение заверено со архивски број 09-6432/1 членови на комисијата се: Александра Белевска Танеска, Ѓоко Трпески, Александар Митрески и Стефан Здравески.

Според комисијата за одценка и евалуација проектите на двете организации беа одобрени и им се даде можност за реализација.
Понатамошната постапка за реализација на проектите продолжи во месец јули.
Општина Охрид за реализација на овој поремкт односно за поддршка на граѓанските организации, во програмата за 2025 година предвиде 2,500,000,00 МКД . Износот на средства за одобрени проекти ќе се движи од 100.000,00 до 700.000,00 МКД. Општина Охрид го задржува правото да не ги додели расположливите средства доколку предллог проектите не ги задоволуваат зададените критериуми.

**Поддршка на млади и младински политики**

1. ***Младински центар Охрид***

Младинскиот центар претставува еден од основните сервиси за младите со чие функционирање ќе се спроведуваат програми, дискусии и работилници кои ќе ја подобрат положбата на младите во општеството. Отворањето младински центри произлегува од член 22 од Законот за младинско учество и младински политики донесен во јануари 2020 година.

За таа цел Советот на општина Охрид донесе Одлука за отстапување на времено користење простор и спроведување постапка за формирање на Младински центар Охрид. Со оваа одлука, општина Охрид на времено користење отстапи дел од просторот на кој општината има право на трајно користење, лоциран во поранешната „Стара касарна“ во Охрид. Од 01.09.2022 година започна со работа Младинскиот центар. Просториите во кој е сместен Младинскиот центар Охрид, беа целосно опремени и прилагодени од страна на Општина Охрид и во истиот се вработени три лица, еден раководител и двајца младински работници избрани на претходно објавен оглас.

Општина Охрид е задолжена за работата на Младинскиот центар да обезбеди средства од Буџетот на општината. Исплатата на финансиските средства ќе се изврши на младинската организација Коалиција „ СЕГА “врз основа на договорот бр.09-1880/6 од 14.04.2025 година и на доставена програма за работа на Младинскиот центар.

Во прилог Ви ги доставувам наративниот и финансикиот извештај на Младинскиот центар Охрид за периодот од 01.04.2025- 31.06.2025 година
Младинскиот центар во Охрид е место каде се подготвуваат и спроведуваат програми кои ќе ја подобруваат благосостојбата на младите, развојот на личниот, социјалниот и професионалниот живот на младите, информации од важен интерес за младите и други аспекти од животот на младите, согласно член 22 од Законот за младинско учество и младински политики.
Целта на постоењето на Младинскиот Центар Охрид е да обезбеди соодветен и безбеден простор каде ќе се спроведува системска поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот во заедницата преку:

- неформалнообразование: обучување и подучувањенамлади;
- информирање, менторство, подучување и советување;

- информалноискуственоучењекоесеслучуваvoслободновременизучествовозабавни и волонтерскиактивностиорганизираниза и одмлади.

Младинскиот центар е отворен секој работен ден и е достапен за младите најмалку 40 часа, распоредени во најмалку 5 дена неделно. Во овој период младите доаѓаат во Центарот, учествуваат во програмските активности и ги користат постојаните услуги, се дружат и ги користат достапните ресурси со поддршка на младинските работници од Центарот.
Коалиција на младински организации СЕГА е избрана младинска чадор организација да раководи со Младински Центар Охрид.

**Работен Пакет 1: Координација и раководење со проектот**

Проектниот тим кој го сочинуваат Раководител на програми, Координатор на МЦО и Финансиски Менаџер од Коалиција СЕГА како и Раководител и 2 младински работници од МЦО организираа редовни неделни состаноци за координација на програмските активности на Младински Центар Охрид. Состаноците се одржуваа онлајн и со физичко присуство во МЦО секој понеделник со цел непреченост, континуитет и ефикасност во работењето, покрај секојдневната двонасочна комуникација. Проектниот тим беше задолжен за целосна техничка и логистичка поддршка за сите настани предвидени со програмата на МЦО. Од јануари до март 2025 година, се развија сите неопходни процедури за работа кои овозможија непречено функционирање на Младинскиот Центар Охрид, согласно програмата и акциониот план за работа каде беа интегрирани млади лица од различни категории. Проектниот тим беше задолжен за промоција на Младинскиот центар и програмските резултати преку средствата за јавно информирање, веб страни и социјални мрежи. На веб страната на МЦО, СЕГА и каналите на социјалните мрежи тимот редовно споделува информации за напредокот на активностите на МЦО. Веб страната, како и профилите на центарот на социјалните мрежи (facebook, Instagram, linkedin,tik-tok) се користат како канали за комуникација со јавноста.Линкови од веб страна и профили на социјалните мрежи: Вебстранана МЦО, Facebook страна,Instagram профил,Linkedinстрана, ТИК ТОК профил, YoutubeКанал.

**Работен пакет 2: Јакнење на капацитети на младинските работници**

Согласно предвидената програмата на МЦО, како и потребните капацитети, беа реализирани интерни обуки кои повторно беа фокусирани кон успешно спроведување на Програмските Активности на МЦО, а спроведувани од претставници на персоналот на СЕГА.
Во периодот од 30.01.2025година до 01.02.2025 година се организира првиотмодул од обукатаза младински работници во просториите на Младински Центар Охрид.Работна посета во Дусе, Нормандија, Франција во периодот од 15.02.2025 до 22.02.2025, во просториите на Musique Experience и околни младински центри во Дусе, Нормандија. А во периодот од 16.03.2025 година до 21.03.2025 година младинските работници од Младинскиот Центар Охрид имаа можност да бидат дел од Интернационална обука во Струга.

Членовите на тимот на МЦО имаа можност да се стекнат со нови знаења и вештини преку нивно учество на национални и меѓународни настани (студиски посети, конференции, работилници, обуки, семинари и размени).

**Работен пакет 3: Промоција на работата на МЦО**

Во периодот јануари-март 2025 се продолжија активностите за промоција на МЦО преку повеќе активности кои се споделуваат на социјалните мрежи и веб страната, како и промоција на МЦО од страна на тимот на МЦО во средните училишта во Охрид.

Младинските работници остварија средби со ученички заедници од средните училишта од Охрид. На ден 11.02.2025 беше остварена средба со ученичката заедници наРЦСОО „Ванчо Питошески“. На 12.02.2025 се оствари средба со ученичките заедници од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, па со ученичката заедница од СОСУ „Св. Кирил и Методиј“. А на 13.02.2025 се оствари средба со ученичката заедница од ОСУ „Св. Климент Охридски“. Претставниците на ученичките заедници имаа можност да се запознаат со работата и можностите на Младинскиот Центар Охрид.

**Работен пакет 4: Програмски Активности на Младински Центар Охрид**

**Програма Младинско Учество:** Согласно планираните активности, се организираа два младински кругови. Целта на младинските кругови епреку дискусија да се разменат идеи, да се споделат предизвици и проблеми коишто се дел од секојдневието на младите и да се предложат конкретни решенија за подобрување на квалитетот на живот на младите во градот.

**Програма Младинско Информирање:** Во текот на месецот јануари се изработи годишно списание „Младински израз“. Во списанието се прикажани сите настани коишто беа организирани од Младински Центар Охрид, но и настани коишто се организирале во соработка со други организации. На 14.03.2025 година, се одржа првата средба на Медија Клубот, а втората средба се одржа на 28.03.2025 година. Медија клубот работи според веќе утврдена програма.

**Програма Култура:** По повод Денот на вљубените, на ден 13.02.2025 година, во просториите на Младински Центар Охрид се одржа креативна работилница на којашто изработуваа 3д честитки. Исто така по повод денот на жената – 8ми март, на 07.03.2025 година, се оддржаа две креативни работилници во ООУ „Св. Климент Охридски“ и во просторија во склоп на нашиот центар. Учесниците изработуваа букети и честитки.

**Програма Неформално образование:**Според програмата на Младински Центар Охрид, се изработи видео за Денот на мајчиниот јазик-21 февруари. Во видеото учествуваа: ЕфеДуница, Владимир Климоски, Ангел Крстески, Флорина Мишеска, Абдула Бајрам, Огнен Дудиќ, Марија Наумоска. Во видеото беа претставени македонски јазик, босански, албански, турски, ромски и знаковен јазик. Целта на ова видео беше да се испратат најразлични пораки, за значајноста за почитување на сите јазици. Видеото беше постирано на ден 21.02.2025 на социјалните мрежи на Младински Центар Охрид. На ден 28.02.2025 година, Младински Центар Охрид организира еднодневно пешачење со

лиценциран водич Дејан Ангелоски, по повод денот на ретките болести. По повод Светскиот ден на книгата, на 06.03.2025 година во просториите на Младински Центар Охрид се одржа двочасовно книжевно дружење, истотака се одржа и Q&A сесија со локалните автори Јордан Коцевски и Евгенија Н. ВеровскаТрајаноска. Истотака се даде фокус и на денот на театарот и неговото значење во општеството. На 27.03.2025 година, на малата сцена при Н.У.Ц.К. „Григор Прличев“ – Охрид, се одржа панел-дискусија на тема „Запознавање со процесот на создавање на една театарска претстава и важноста на театарот во општественото живеење“.На 25.03.2025 година во просторија на Младински Центар Охрид, се оддржа првата креативна работилница за реупотреба на текстил, во состав на проектот „Еко херој“. А на ден 08.02.2025, во просториите на Младински Центар Охрид се одржа првиот Еко пазар на којшто се продаваше облека, обувки, детски игри, сувенири и други предмети од втора рака.

**Други услуги за млади, младински организации и организации за млади**

За потребите од младинските организации, организациите за млади, младинските неформални групи и младите воопшто, како и за училиштата од Охрид, МЦО во текот на јануари-март 2025 година ги изнајмуваше бесплатно своите простории за реализација на нивни настани но и за поттикнување на нивниот развој. Па така во МЦО се организираа бројни презентации, обуки, работилници, промоции и концерти.

**Работен пакет 5: Соработка со локални актери**

***Соработка со училишта***

Тимот на МЦО во текот на јануари-март, оствари средби и соработки со сите ученички заедници од средните училишта од Охрид, а дополнително се разгледуваа можности за соработка.

**Финансиски извештај за раководење со Младински центар Охрид за 2025 година, Коалиција на младински организации СЕГА**

| | | Единица | Тип | Количина | Месеци/ | Побарано од општина Охрид | Потрошено јануари - март | Потрошено април - јуни | Учество на апликантот | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Опис на трошокот | Тип | Цена | # Единици | Единици | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) | (МКД) |
| **1. Персонал** | | | | | | **1,506,120.00** | **332,233.00** | **336,260.00** | **1,728,168.00** | **3,234,288.00** |
| 1.1 | Програмски Раководител (СЕГА) | месец | 66,895.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 802,740.00 | **802,740.00** |
| 1.2 | МЦО Координатор (СЕГА) | месец | 57,119.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 685,428.00 | **685,428.00** |
| 1.3 | МЦО раководител | месец | 44,970.00 | 1 | 12 | 539,640.00 | 134,910.00 | 134,910.00 | 0.00 | **539,640.00** |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.4 | МЦО Младински работник | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 120,810.00 | 120,810.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.5 | МЦО Младински работник | месец | 40,270.00 | 1 | 12 | 483,240.00 | 76,513.00 | 80,540.00 | 0.00 | **483,240.00** |
| 1.6 | Финансиски асистент (СЕГА) | месец | 20,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 240,000.00 | **240,000.00** |
| **2. Патни трошоци** | | | | | | **37,920.00** | **3,719.00** | **3,920.00** | **72,000.00** | **109,920.00** |
| 2.1 | Патни трошоци за координативни состаноци за мониторинг и евалуација | месец | 2,160.00 | 1 | 12 | 25,920.00 | 3,719.00 | 2,120.00 | 0.00 | 25,920.00 |
| 2.2 | Локални патни трошоци | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | | 1,800.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 2.3 | Патни трошоци за учество на обуки и конференции | месец | 2,000.00 | 3 | 12 | 0.00 | | | 72,000.00 | 72,000.00 |
| **3. Обуки** | | | | | | **50,500.00** | **0.00** | **0.00** | **20,000.00** | **70,500.00** |
| 3.1 | Интерна обука (патни трошоци, сместување, работни материјали, храна) | единица | 3,500.00 | 3 | 1 | 10,500.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 10,500.00 |
| 3.2 | Обука за младинска работа | единица | 20,000.00 | 2 | 1 | 40,000.00 | 0.00 | 0.00 | 20,000.00 | 60,000.00 |
| **4. Други директни трошоци** | | | | | | **12,000.00** | **2,260.00** | **1,697.00** | **0.00** | **12,000.00** |
| 4.1 | Банкарски задршки | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 2,260.00 | 1,697.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| **5. Индиректни трошоци** | | | | | | **88,800.00** | **5,647.00** | **10,251.00** | **24,000.00** | **112,800.00** |
| 5.1 | Канцелариски материјали | месец | 1,200.00 | 1 | 12 | 14,400.00 | 2,845.00 | 3,766.00 | 0.00 | 14,400.00 |
| 5.2 | Освежување за МЦО | месец | 1,000.00 | 1 | 12 | 12,000.00 | 1,364.00 | 3,144.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 5.3 | Средства за одржување на канцеларија МЦО | месец | 800.00 | 1 | 12 | 9,600.00 | 1,438.00 | 631.00 | 0.00 | 9,600.00 |
| 5.4. | Лице за чистење на простории на МЦО | месец | 3,000.00 | 1 | 12 | 36,000.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 36,000.00 |
| 5.5 | Комунални услуги | месец | 1,400.00 | 1 | 12 | 16,800.00 | 0.00 | 2,710.00 | 0.00 | 16,800.00 |
| 5.6 | Комуникациски трошоци | месец | 2,000.00 | 1 | 12 | 0.00 | | | 24,000.00 | 24,000.00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6.Специфични трошоци поврзани со проектот** | | | | | | **814,000.00** | **39,015.00** | **2,650.00** | **0.00** | **814,000.00** |
| 6.1 | Печатење на промотивни материјали | единица | 110,000.00 | 1 | 1 | 110,000.00 | | | 0.00 | 110,000.00 |
| 6.2 | Печатени ранци за лаптоп | единица | 1,700.00 | 10 | 1 | 17,000.00 | 15,000.00 | | 0.00 | 17,000.00 |
| 6.3 | Освежување за програмски активности | настан | 2,350.00 | 10 | 1 | 23,500.00 | 1,005.00 | 1,050.00 | 0.00 | 23,500.00 |
| 6.4 | Хонорар за ментори/наставници/ панелисти | месец | 6,600.00 | 1 | 5 | 33,000.00 | | | 0.00 | 33,000.00 |
| 6.5 | Организирање на настан за Ден на млади | единица | 30,000.00 | 1 | 1 | 30,000.00 | | | 0.00 | 30,000.00 |
| 6.6 | Меѓународен Ден на Студенти | единица | 10,000.00 | 1 | 1 | 10,000.00 | | | 0.00 | 10,000.00 |
| 6.7 | Медиа клуб (печатење на весник) | единица | 6,000.00 | 1 | 1 | 6,000.00 | | 200.00 | 0.00 | 6,000.00 |
| 6.8 | Креативен клуб | месец | 3,000.00 | 4 | 1 | 12,000.00 | 1,095.00 | 1,170.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.9 | Активности на волонтерски клуб | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | 1,975.00 | 230.00 | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.10. | Идејно решение за Младински Културен Центар Охрид | единица | 400,000.00 | 1 | 1 | 400,000.00 | | | 0.00 | 400,000.00 |
| 6.11 | Спонзорирање на објави на социјални мрежи | месец | 1,000.00 | 12 | 1 | 12,000.00 | | | 0.00 | 12,000.00 |
| 6.12 | Денови на младински центри | единица | 7,900.00 | 15 | 1 | 118,500.00 | 19,940.00 | | 0.00 | 118,500.00 |
| 6.13 | Подготовка на проектна документација за Младински Културен Центар | единица | 30,000.00 | 1 | 1 | 30,000.00 | | | 0.00 | 30,000.00 |
| **7.Трошоци за опремување на МЦО** | | | | | | **554,300.00** | **49,000.00** | **0.00** | **0.00** | **554,300.00** |
| 7.1 | Акустична изолација и опремување со музичка опрема | единица | 331,000.00 | 1 | 1 | 331,000.00 | | | 0.00 | 331,000.00 |
| 7.2 | Кафемат | единица | 31,000.00 | 1 | 1 | 31,000.00 | 31,000.00 | | 0.00 | 31,000.00 |
| 7.3 | Конференциски столици | единица | 2,200.00 | 20 | 1 | 44,000.00 | | | 0.00 | 44,000.00 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.4 | Инвертер клима 7 KW | единица | 60,000.00 | 1 | 1 | 60,000.00 | | | 0.00 | 60,000.00 |
| 7.5 | Плахари и полици | единица | 20,000.00 | 3 | 1 | 60,000.00 | 18,000.00 | | 0.00 | 60,000.00 |
| 7.6 | Подготовка на елаборат и набавка на опрема за заштита од пожари | единица | 28,300.00 | 1 | 1 | 28,300.00 | | | 0.00 | 28,300.00 |
| **Вкупно директни трошоци** | | | | | | **3,063,640.00** | **431,874.00** | **354,778.00** | **1,844,168.00** | **5,694,460.00** |
| Административни трошоци, 10% од програмските трошоци | | | | | | MKD 306,364.00 | MKD 43,187.40 | MKD 35,477.80 | MKD 0.00 | MKD 306,364.00 |
| **ВКУПНО** | | | | | | **MKD 3,370,004.00** | **MKD 475,061.40** | **MKD 390,255.80** | **MKD 1,844,168.00** | **MKD 5,214,172.00** |

| | ОПШТИНА ОХРИД | Потрошени средства (прв квартал) | Потрошени средства (втор квартал) | КОАЛИЦИЈА СЕГА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| | 64.63% | MKD 475,061.40 | MKD 390,255.80 | 35.37% | 100.00 % |

| Датум | Сума | Опис |
|---|---|---|
| | MKD 3,305,394.00 | Вкупно одобрени средства од Општина Охрид |
| 17.04.2025 | MKD 3,370,004.00 | Ревидиран буџет |
| | -MKD 64,610.00 | Разлика - да се обезбеди со ребаланс на Буџетот на Општина Охрид |
| | | |
| 20.02.2025 | MKD 590,000.00 | Трансфер на средства од Општина Охрид за предфинансирање (20%) |
| 28.02.2025 | MKD 66,159.00 | |
| 31.03.2025 | MKD 475,061.40 | Потрошени средства во прв квартал |
| 30.06.2025 | MKD 390,255.80 | Потрошени средства во втор квартал |
| 30.06.2025 | -MKD 209,158.20 | Биланс на преостанати средства |

***2 .Локален младински совет***

За остварување на јавните потреби и јавниот интерес на младите луѓе на територијата на општина Охрид, согласно Законот за младинско учество и младински политики објавен во Служен весник на РМ бр. 10 од 16.01.2020 година, се наметнува потреба од формирање на Локален младински совет и конституирање на локално младинско собрание.

Целта на реализација на оваа активност беше инволвирање на младите во спроведување на политиките и креирање на младинските програми. Тоа е можно единствено преку институционализирање во тело кое формално правно ќе ги претставува младите.

Со формирањето на локално младинско собрание и Локалниот совет на млади се споделуваат обврските помеѓу општината и младинските активисти на начин што се гради партнерски однос помеѓу нив со цел подобрување на условите за живот на младите луѓе на територијата на општина Охрид.

Од тие причини продолжува интензивната соработка помеѓу одделението за спорт, млади и невладини организации преку службеникот за млади со Локалниот младински совет и Собранието на млади. Тука би сакале да напомениме дека мандатот на членовите на постоечкото локално собрание на млади истече и се јави потреба од формирање на ново.

Заради тоа беа остварени неколку средби со претставници на млади и младински организации каде беа запознаени со предностите кои би ги имале доколку би зеле активно учество во овие тела.

Така на 11 јуни 2025 година врз основа на член 74 став 2, 3 и 4 од Статутот на Општина Охрид, како и член 17 од законот за младинско учество и младински политики, Локалното младинско собрание на Општина Охрид објавен Јавен Повик за избор на челнови во локално собрание на млади. Поради малиот интерес, односно поради малиот број на пристигнати апликации истиот ќе биде повторно објавен во следниот период..

**Во овој извештаен период од програмата за млади и нво не се исплатени финансиски срeдства,прикажаните потрошени финансиски средства на Младински центар Охрид се префрлени во првиот квартален период и согласно програмата за работа на МЦО дел се реализирани во вториот квартален период.**

| | |
|---|---|
| ***Вкупен износ на програма во денари*** | ***6,070.004,00*** |
| ***Реализирано од 01.04. до 30.06.2025*** | **00,00 ден.** |

**Број 08-12032/50**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/159**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за културни манифестации и творештво за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА***

Согласно Програмата за работа на Одделениeто за култура и Програмата за одбележување значајни годишнини и јубилеи, Програмата за споменици и спомен- обележја на личности и настани од значење за Охрид, усвоени од страна на Советот на Општина Охрид, покрај секојдневните тековни работни задачи во перманентна комуникација со надлежното министерство, локалните институции од областа на културата, средбите и контактите со организации, здруженија и поединци од оваа дејност, Одделението за култура, во периодот од 01.04.2025– 30.06.2025 г. ги реализира следните позначајни работни активности :

- Со пригодни свечености во с. Ливошита беше одбележана годишнината од смртта на Благојче Крстаноски, професионален војник и граничар во АРМ кој во 1999 година беше убиен кај Горно Блаце.
- По повод големиот христијански празник Воскресение Христово Велигден беше реализирана културно – уметничка програма во чии рамки се одржа традиционалниот Велигденски концерт на ОМУ Методи Патче. На Велики четврток на плоштадот Крушевска Република се одржа Велигденскиот базар проследен со Велигденски концерт во која зедоа учество охридските културно-уметнички друштва.
- Со низа активности Општина Охрид, ООУ Христо Узунов го одбележаат Јубилејот:120 години од смртта на Христо Узунов . Во рамките на Свечената академија беше промовирана книгата Христо Узунов од македонскиот драматург Зоран Пејкоски со поддршка на општина Охрид, а беше изведена и драмата Света саможртва на Македонија од страна на учениците од ООУ Ванчо Николески од Лескоец. Исто така во рамките на свечената програма ООУ

Христо Узунов достојно и со богата културно – уметничка програма го одбележа својот Патрон. Чествувањата завршија со панихида и полагање свежо цвеќе во местото на херојската погибија на Христо Узунов во с.Цер.

- Во рамки на проектот на Општина Охрид, „Културата расте со децата. За сите деца“, во ООУ „Св. Наум Охридски“ во село Пештани беше прикажана детската театарска претстава „Плашливиот лав” во изведба на актерите од Театар „Отпишани“.
  „Плашливиот Лав” е детска театарска претстава која носи силна порака за другарство и социјализација кај децата.
  Автор на претставата е Марјан Анѓеловски,а главната ролја ја играат Јасмин Рамани и Мето Јанакиевски.
- Во месец Мај беше реализиран проектот Охридски конзулски мозаик каде во насока на подобрување на културната дипломатија беа присутни конзуларните претставништва, бизнис секторот и беше промовирана професијата Конзул.
- Воспоставување на соработка помеѓу Охридската локална самоуправа, конзуларните претставништва, бизнис секторот и промоција на професијата Конзул, беа целите на настанот „Конзулски мозаик“ кој се одржа денеска во Општина Охрид.

  На настанот свое обраќање пред присутните дипломати и гости имаше Претседателот на Советот на Општина Охрид, Перчо Божиновски. оворници на настанот беа Михајло Филев, почесен конзул на Република Србија во Охрид, Абдураман Бајрактар, почесен конзул на Република Турција во Охрид, Бранко Азески, Претседател на Стопанската комора на Македонија и Виктор Мизо, претседател на Асоцијацијата за странски компании со технолошко напредно производство. Во рамки на настанот, гостите имаа можност да проследат Презентација на можностите и перспективите за инвестиции во Охрид од страна на Ѓоко Трпески, Советник во одделението за Локален економски развој, при Општина Охрид.

  Настанот „Конзулски мозаик“ беше во организација на „Консалтинг Адвертајзинг Тајм“ под слоганот „Обединети кон мир и меѓусебна соработка“.
- На 06.05.2025 година о рамки на проектот на Општина Охрид, „Културата расте со децата. За сите деца“, на 9.05.2025 година (петок) во ООУ „Григор Прличев“ со почеток во 12:00 часот беше прикажана детската театарска претстава ,,Шумската принцеза” во изведба на Театар „ХИТ“.
  Во претставата играа актерите Магдалена Ризова-Черних, Ема Давчева и Сашо Ристовски.
- На 7 мај во СРЦ Билјанини извори се одржа детскиот музички фестивал Распеано Рибарче. По 27 пат на сцената продефирираа над 90 деца од Охрид. Покровител на фестивалот е Општина Охрид.
- Со свечена академија и пригодна културна во беше одбележан јубилејот-150 години од раѓањето на охридскиот револуционер Методи Патче.
  Свеченоста беше збогатена со културно-уметничка програма.

Од страна на учениците од ООУ „Ванчо Николески“ беше изведена драматизација на адаптирани историски факти: „Гласот на револуцијата“ од м-р. Михаил Патчев, а свои настапи имаа женскиот хор „Acordis“ и музички таленти од ОМУ „Методи Патче“.

Во рамки на свечената програма на Општина Охрид по повод 150 години од раѓањето на Методи Патче беше положено и свежо цвеќе пред неговиот споменик во градскиот парк. Цвеќе положи делегација на Општина Охрид, ОМУ „Методи Патче“, Сојузот на борци од Охрид и Дебрца, претставници на фамилијата Патчеви, политички партии и здруженија на граѓани.

- Со пригодна свеченост во Охрид за прв пат се одбележа Светскиот ден за разновидност на културите, за дијалог и развој. Во рамките на проектот „Разликите зближуваат“ преку разни мултикултурни активности децата порачаа дека јазикот и традицијата не смеат да бидат пречка за комуникација и другарување. Учениците од средното угостителско училиште „Ванчо Питошески“ пак подготвија мултикултурна софра со традиционална храна од сите еднички заедници. Секоја година на 21 мај, светот го одбележува Светскиот ден на културната разновидност за дијалог и развој, иницирaн од УНЕСКО во 2001 година со усвојувањето на Универзалната декларација за културна разновидност . Овој ден е можност да се прослави богатството на светските култури и да се истакне значењето на меѓукултурниот дијалог за постигнување мир и одржлив развој.

  Настанот е финансиски поддржан од страна на Општина Охрид.
- Со богата програма Охрид го одбележа 24 Мај – Денот на сесловенските просветители и учители, светите браќа Кирил и Методиј. Во рамките на програмата бесе одржана научна трибина: Европски културни рути во чест на Кирил и Методиј, а и ба доделени награди на наградените ученици на државни и меѓународни натпревари. Пред споменикот на Кирил и Методиј беше положено свежо цвеќе од страна на општина Охрид, општинските училишта, институции и поединци почитувачи на светото кирилометодиево дело.
- Со промоција на богатата Монографија посветена на делото на познатиот охридски, македонски и светски уметник Јордан Манасијески вечеравечер во Општина Охрид ги одбележа 55 години од неговото творештвото.

  За живата легенда и за нашиот најголем уметнички амбасадор во Светот говор одржа Заменик градоначалничката на Охрид, Ана Крстеска.Настанот имаше и хуманитарен карактер – продажба на графики.

  Дел од средствата кои се собраа ќе бидат донирани за настраданите лица во Кочани.

  Со свои музички точки пред присутните настапија познатиот гитарист Дамјан Пејчиноски и женскиот хор „Акордис“.

  Во рамки на програмата „За сите деца“ на Општина Охрид под мотото „Културата расте со децата“ во текот на месец јуни беа организирани низа настани посветени на најмладите.

- Промоција на книга: Девојчето Ена и волшебната четка“, од авторот д-р Кристина С. Алоска;Промотор: Валентина Рубаноска
- Промоција на книга: „Во Домот на пастрмката“, автор Александра Велинова и едукативен час по повод Меѓународниот ден на животната средина
- Детска театарска претстава „Пинокио“ во изведба на Балада продукција 19:30 часот
- Детска театарска претстава „ Во царството на другарстовто“ во изведба на театар Хит Комедија

- Детскимузичкифестивал: „Поточиња“
  Одржан Охридскит фестивал на виното и музиката
- Богата музичка програма и неповторлива забава за охриѓани и туристите донесе четвртото издание на Ohrid Wine Festival кој се одржа од 26-ти до 28-ми јуни во Охрид, на Кеј Македонија, пред хотел „Палас“.
  На отварањето на фестивалот на **26.06.2025 (четврток)** на сцената настапија**Тамара, Brass brothers, Backdoor band и DJ Gec.**
  Вториот фестивалски ден на **27.06.2025 (петок)** бешее резервиран за **„Куку Леле“, Дац и Александар, „Пауза за ракија“, DJ Nasty и Urban planet.**
  Третиот фестивалски ден на **28.06.2025 (сабота)** за забавата беа задолжени **Влатко Лозановски, „Ареа“, „Камелеон“ и DJ Jana.**
  Забавата со македонските музички артисти беше надополнета со дегустација на македонски вина и вкусна храна.
  Покровител на овој тридневен фестивал е Општина Охрид, а истиот е организиран од „Крафт Продукција“.

- Со чалгиските звуци и препевот на најпознатите песни од “Охридските трубадури“, синоќа во предворјето на црквата Св. Софија беа одбележани 60 години од смртта на најпознатиот чалгаџија Климе Садило.
  Настанот го организира Здружението за култура и уметност „Арт Вивенди“ под покровителство на Општина Охрид .

**Финансиски дел од Извештајот на Одделението за култура за период од 01.04.2025 до 30.06.2025 година**

- 150.000,оо денари се исплатени по Јавен Повик на ЗГПирамида Зем за програмските активности на Здружението за 2025;
- 30.000, оо денари се исплатени по Јавен Повик на ОО на Црвен Крст за поддршка на програмските активности на Охридскиот женски хор Акродис
- 200.000,оо ден се исплатени исплатени по Јавен Повик на на ЗГ Охридски камерен оркестар за поддршка на програмските активности за 2025 година
- 130.000,оо денари се исплатени по програма за поддршка на годинешното издание на традиционалнта културна манифестација Поетска ноќ во Велестово
- 35.000,оо денари се исплатени по Јавен Повик на ЗГ Велгошка гордост за поддршка во организација на традиционалнит карневал Емшири во Велгошти

- 30.000,оо денари се испалтени исплатени по Јавен Повик нна ЗГ Тактус за поддршка на годинешната сликарска школа Пробај уметност
- 120.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на ЗГ Балада арт за 6 проекти во рамките на програмата за деца Културата расте со децата;
- 90.000,оо ден се исплатени по програма на ЗГ Ден и ноќ за поддршка на програмските активности за 2025 година, за организација и реализација на традиционалната манифестација за деца Малите ѕвездички со К-2
- 40.000,оо денари се исплатени на ФАФилиграни за организација и реализација на програмата за работа за 2025 година
- 120.000,оо денари се исплатени исплатени по Јавен Повик на на ЗГМедиа Артес
- 40.000,оо денари се исплатени на КУД Илинден за поддршка на планирани програмски содржини за 2025 година
- 40.000,оо денари се исплатени по Јавен Повик на на ЗГ Воведение Завој за организација и реализација на манифестацијата во чест на пресвета Богородица
- 40.000,оо ден се испалтени по Јавен повик на ЗГ виел сциенце за проектот Нова авантура во охрид со која се приближува културното наследство до најмладата популација
- 200.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на ЗГ за социолошки и кулурни активности –Центар за креативни комуникации за проектот по повот 21 Јуни – Денот на Охридското езеро
- 100.000,оо денари се исплатени на ЗГ Музички иведувачи за поддршка на детскиот-музички фестивал Распеано Рибарче 2025
- 260.000,оо денари се исплатени на ЗГ Здружение за едукација, маркетинг и организација Консалтинг Адвертајзинг за реализација на проектот Охридски конзулски мозаик се исплатени на ЗГ Аматер за поддршка програмските активности на К.И 5 до 12 за 2025 г.
- 100.000,оо денари се исплатени Здружение за едукација, маркетинг и организација Консалтинг Адвертајзингна ЗГ Мацково за поддршка на годинешното издание на Балканско –детски младински камп Од огништето на Ванчо Николески
- 70.000,оо денари се исплатени на ЗГ Охридски бисери за поддршка на годинешното издание на Интернационалниот музички фестивал Охридски бисери
- 70.000,оо денари се исплатени на Мерлин студио за изведба на 2 театарски претстави за деца во рамките на Програмата за деца Културата расте со децата
- 100.000,оо денари се исплатени на ЗГ Театар Провокација за изведба на 3 театарски претстави за деца во 2025 година
- 56.000,оо денари се исплатени на Давор Панчевски за поддршка во печатење и издавање на книгата Мојот готвач –рецепти од Охридското поднебје
- 25.000,оо денари се исплатени по Јавен Повик на Весна Константинова за поддршка во печатење и издавање на книгата Рисот Ристе во Охрид

- 35.000,оо денари исплатени по Јавен Повик на Роден од Марина Шикоска Димовска за Поддршка во печатење и издавање на книгата Повторно роден
- 50.000,оо денариисплатени по Јавен Повик за Изложба на фотографии Охридско секојдневие од младата охридска фотографка Нина Ангелоска
- 120.000,оо денари се исплатени на ЗГ Арт Вивенди за годинешното издание на фестивалот Чалгиски звуци во чест на Климе Садило
- 100.000,оо денари се исплатени на УКИМ Св.Кирил и Методиј за поддршка на годинешното издание на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура 2025
- 60.000,оо денари се испалтени по Јавен повик за поддршка на Виктор Крстаноски за Видео –проекција на традициите на 12 охридски села(серија на видеа) –Моето село од охридско
- 50.000,оо денари се исплатени по Јавен повик за поддршка во печтатење и издавање на книгата од Свето Стаменов - Свети Климент Охридски и македонскиот културен кодекс
- 15.556,оо денари се исплатени по основ персонален данок на физички лица добитници на проекти по Јавен повик и Програма за работа ж
- 30.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на Благуна Стевоска за поддршка во печатење и издавање на книгата Нашата Симка
- 120.000,оо денари се исплатени на Ха Ха Ха продукција за поддршка во реализација на годинешното издание на Фестивалот на комедија
- 15.000,оо денари се исплатени на Искра Атанасова Митуш за поддршка во реалзиација на солистички концерт
- 100.000,оо денари се испалтени на Владимир Василески –Четкар за поддршка на годинешниот концерт Вино и џез
- 22.00,оо денари се исплатени на Митко Свески за поддршка во реализација на проектот за промоција на охридското културно наследство преку игра
- 22.000,оо денари се исплатени на Софија Милеска за поддршка во реализација на проектот за промоција на охридското културно наследство преку игра
- 30.000,оо денари се исплатени преку Јавен повик зна Викторија Митеска за поддршка во организација на солистички концерт во чест на Св Кирил и Методиј
- 35.000,оо денари се исплатени на Зоран Пејковски за поддршка во печатење и издавање на книгата Света саможртва за Македонија во чест на Јубилејот: 120 години од смртта на Христо Узунов
- 50.000,оо денари се исплатени на Ванчо Николески-Поддршка на драмската секција при ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец
- 25.000,оо денари се исплатени на Григор Костески за поддршка во печатење и издавање на книгата Аз –буки-веди
- 30.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на Анастасија Милески за поддршка во организација на летна гитарска школа

- 25.000,оо денари се исплатени ПО Јавен повик на Дамјан Милески за поддршка во организација и реализација на солистички концерт на Дамјан Милески
- 30.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на Ивана Рилкоска Томеска за поддршка во проектот Охридски книжевен мозак
- 37..710,оо денари се исплатени по ооснов персонален данок на физички лица добитници на проекти по јавен повик
- 150.000,оо денари се исплатени по јавен повик на Театар Хит комедија за поддршка во проектот Летен театарски карневал за деца
- 90.000,оо денари се исплатени по Јавен повик бна издавачката куќа Едука макс за реализација на 3 проекти за деца: Денови на македонската литература, Книжевен хепенинг за деца и Фестивал на поезија за деца Стихувалки
- 50.000,оо денари се исплатени на на поетската манифестација Охридски поетски бисер за Меѓународниот поетски фестивал Охридски поетски бисер
- 30.000,оо денари се исплатени по Јавен повик за поддршка за реализација на проектот концерт на охридскиот пијанист Петар Танески
- 120.000,оо денари се исплатени по Програма на Димче Азескли за печатење и издавање на книгата –репрезент за македонските цркви
- 70.000,оо денари се исплатени на Јордан Манасијески за организација на изложба по повод 55 години од творештвото на Јродан Манасијевски
- 60.000,оо денари се исплатени на Ѓоко Чеменкоски за поддршка во снимање на видео запис на неговата прва песна Моја љубов
- 40.000,,оо денари се исплатемни на Униветрзитет Американ олеџ за поддршка на проектот Меѓународна охридска школа за архитектура
- 70.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на Академија Кларус за органзиација на Летната гитарска школа Кларус 2025
- 120.000,оо денари се исплатени по Јавен повик на НИМО Охридњус за поддршка во организација на Зимска бајка 2025
- 35.000,оо денари се исплатени на Издавачка куќа Макавеи за поддршка во печатење и издавање на книгата Вообрази од Бранко Цветкоски
- 37.778,оо денари, оо денари се исплатени по основ персонален данок на физички лица добитници по Јавен повик
- 50.000,оо денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за поддршка на шеесет и освмото издание на Балкански фестивал на народни песни и ора
- 30.000,оо денари се исплатени на НУБ Григор Прличев за поддршка во документарниот филм со внуката на Григор Прличев, Олга Прличева
- 45.000,оо денари се исплатени на Миланка Новеска за одржување на нејзиниот концерт во месец септември
- 70.000,оо денари се исплатени на ПИК Продукција за поддршка на годинешното издание на Фестивалот на нов европски филм, Beach film festival 2025
- 55.000,ооденари се исплатени на Светлана Богданоска за одржување на концерт дуо- флејти и солистички концерт на Светлана Богданоска

- 200.000,оо денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за поддршка на Охридскиот народен театар
- 400.000,оо денари се исплатени на НУ Охридско лето за поддршка на 65тото Јубилејно издание на Фестивалот Охридско лето
- 18.,333,оо денари се исплатени за персонален данок по основ исплата на физички лица по јавен повик –добитници на проект
- 30.000.оо денари се исплатени на НУЦК Григор Прличев за поддршка на проектот Популаризација на театарот
- 120.000,оо денари се исплатени на Нимо Охридњус по основ неисплатени долгови за одржување на манифрестацијата Охридска зимска бајка 2024
- 35.000,оо денари се исплатени на писателката Александра Велинова за поддршка во печатење и издавање на книгата за деца Во домот на пастрмката 30.000,оо денари се исплатени на актерот Роберт Ристов по основ неисплатени обврски од 2024 години за организација и реализација на детска театарска престава за деца во рамките на Програмата на општина оХрид по повод новогодишните празници
- 60.000,оо денари се исплатени на театар хит комедија по основ неисплатени обврски од 2024 година за организација и реализација на две детски театарски претстави во рамките на проектот Охридска новогодишна приказна во рамките на Програмата на општина Охрид по повод новогодишните празници.
- 1.070.000.оо денари се исплатени по основ договорни услуги за организација на настаните кои ги организцира општина Охрид и тоа Прличеви беседи, 8 март – Меѓународниот ден на Жената, јубилеј: 120 години од смрттана Христо Узунов, 120 години од смртта на Методи Патчев, 60 години од смртта на Климе Садило.
- 48.000,оо ден се исплатени на ЗАМП по однос на фактура на здружението за автореки права
- 13.400,оо ден се исплатени на СИВ Дооел по основ Јавна набавка за подароци за потребите на Одделението за култура.
- Вкупно потрошени финансиски средства во период од 01.04.2025 г до 30.06.2025 година од Програмата К 4 -6.321.959,оо ден

**Број 08-12032/52** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА (H1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2025 година (H1) за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/160** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2025 ГОДИНА (H1) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма за активностите на општина Охрид во областа на основното образование за 2025 година (H1) за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/53**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ (Н1) 01.04.2025 - 30.06.2025

Главните цели на годишната програма на општина Охрид во областа на основното образование за 2025 година - Н1 Програма, се насочени кон остварување на следните активности:

- Обезбедување активен однос на Општина Охрид кон задоволување на потребите и интересите во областа на образованието;
- Изнаоѓање форми за поефикасно и поекономично одвивање на образовниот процес;
- Подобрување на условите за одвивање на образовниот процес ;
- Развој на образовниот процес;

Оттука, активностите на Општина Охрид во областа на основното образование во 2025 година се насочени кон поттикнување, поддршка и помагање при остварувањето на целите на програмата, пред се со овозможување финансиска, техничка и стручна помош со кадри и опрема неопходни при реализирање на планираните активности, прикажани табеларно.

Финансирањето на активностите во областа на основното образование планирани за 2025 година, е преку Буџетот на МОН - блок дотација, Буџетот на општина Охрид, , од сопствени приходи на училиштата и од донации.

**Реализирани активности (01.04 - 30.06.2025)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства** |
|---|---|---|---|
| Продолжен престој | Ангажирани се наставници во продолжен престој и наставата се одвива тековно и без проблеми | 4.800.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 615.930,00 ден општински средства **(Втор квартал)** 1.320.427,00 ден. општински средства |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Безбедни училишта | Активноста се одвива континуирано во текот на учебната година, согласно потребите | Логистика | |
| Доделување стипендии на ученици | Беше објавен конкурсот за доделување на стипендии, заврши евалуацијата на пристигнатите пријави по однос на истиот и беа склучени договори за стипендии со вкупно 204 ученици. | 4.000.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 3.906.000,00 ден. општински средства |
| Финансиска поддршка и превоз на талентирани ученици за учество на државни и меѓународни натпревари | Тековно,според потребите | 611.500,00 Буџет на општина Охрид и основни училишта | **(Прв квартал)** 23.265,00 ден. сопственисредства **(Втор квартал)** 2.320,00 ден. сопствени средства 181.200,00 ден. општински средства |
| Наградување на ученици кои освоиле први места на државни и меѓународни натпревари и избор на првенец на генерацијата | Активноста ќе се спроведува во текот на месец мај и јуни | 2.200.000,00 Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 624.382,00 ден. општински средства |
| Плати и придонеси за вработените | Активноста се спроведува континуирано | 389.500.000,00 Блок дотација | **(Прв квартал)** 91.800.301,00 ден. блок дотации; **(Втор квартал)** 97.867.118,00 блок дотации; |
| Режиски трошоци | Активноста се спроведува континуирано | 21.574.693,00 Општина Охрид, блок дотација, сопствени средства | **(Прв квартал)** 1.648.217,00 ден. блок дотација; 4.458.183,00 ден. општински средства; 2.000,00 ден. сопствени средства **(Втор квартал)** 2.773.429,00 ден. блок дотации; 2.289.378,00 ден. општински средства; 24.294,00 ден. сопствени средства |
| Превоз на ученици кои живеат на оддалеченост поголема од | Активноста се спроведува | 5.000.000,00 Општина Охрид | **(Прв квартал)** 160.400,00 ден. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2 км од училиштето | континуирано(законска обврска) | | блок дотација;<br>1.201.503,00 ден<br>општински средства<br>**(Втор квартал)**<br>772.653,00 ден.<br>блок дотација;<br>934.360,00 ден.<br>општински средства; |
| Исплата на средства по основ отпремнини и солидарна помош | Активноста се спроведува континуирано | 2.700.000,00<br>Општина Охрид, блок дотација | **(Прв квартал)**<br>43.587,00 ден.<br>блок дотација ;<br>761.774,00 ден<br>општински средства<br>**(Втор квартал)**<br>2.102,00 ден.<br>блок дотација<br>308.700,00 ден.<br>општински средства |
| Субвенционирање на превозот на наставниците кои држат настава во руралните средини (по Меморандум за соработка меѓу СОНК и Општина Охрид) | Активноста се спроведува во текот на учебната година | 500.000,00<br>Буџет на општина Охрид | **(Прв квартал)**<br>130.650,00 ден.<br>општински средства<br>**(Втор квартал)**<br>0 |
| Канцелариски материјали,средства за хигиена,наставно-образовни помагала, | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 3.473.000,00<br>Блок дотација и сопстен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>271.276,00 ден<br>блок дотација;<br>97.942,00 ден.<br>сопствени средства<br>**(Втор квартал)**<br>369.670,00 ден.<br>блок дотација;<br>204.328,00 ден. сопствени средства |
| Тековно одржување на објекти и опрема | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.584.000,00<br>Општина Охрид, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>126.370,00 ден.<br>општински средства;<br>51.690,00 ден.<br>сопствени средства<br>**(Втор квартал)**<br>159.401,00 ден.<br>блок дотација;<br>80.328,00<br>општински средства;<br>158.143,00 ден.<br>сопствени средства |
| | Активноста се | 350.000,00 | **(Прв квартал)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Осигурување на објектите | спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | Општина Охрид, блок дотација, сопствен буџет основни училишта | 24.438,00 ден. блок дотација; **(Втор квартал)** 77.592,00 ден. блок дотација; 129.222,00 ден. општински средства; |
| Санитарни и систематски прегледи на вработените во училиштата | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 520.000,00 Општина Охрид, основни училишта | **0** **(Втор квартал)** 18.380,00 ден. блок дотација; 200.100,00 ден општински средства |
| Дезинфекција,дезинсекција, дератизација | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 100.000,00 блок дотација | **(Прв квартал)** 0 **(Втор квартал)** 18.435,00 ден. блок дотација; |
| Изработка на урбанистички план | Урбанистичкиот план треба да овозможи изградба на ново училиште Григор Прличев и надградба на централната детска градинка. Моментално одобрена е планската програма, изработен е нацрт планот и се работи на корекција на забелешките по однос на истиот | логистика | 0 |
| Објавување огласи и др оперативни расходи (семинари,обуки) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.184.000,00 блок дотација, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)** 283.907,00 ден. блок дотација; 18.953,00 ден. сопствени средства **(Втор квартал)** 238.250,00 ден. блок дотација; 32.175,00 ден. сопствени средства |
| Вонучилишни образовни и др.дополнителни услуги | Активности по оваа ставка се одвиваат согласно потребите | 1.283.874,00 сопствен буџет основни училишта, донации (проекти) | **(Прв квартал)** 372.870,00 ден. донации(Еразмус+) 184.661 ден. сопствени средства 87.905,00 ден. блок дотација; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | **(Втор квартал)**<br>7.500,00 ден.<br>блок дотација;<br>45.167,00 ден.<br>донаторска(Еразмус+)<br>32.928.00ден. сопствени средства |
| Наставен план и програма | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 75.000,00<br>сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>0<br>**(Втор квартал)** |
| Договорни услуги | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 312.000,00<br>сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>34.238,00 ден.<br>блок дотација:<br>21.608,00 ден.<br>сопствени средства<br>**(Втор квартал)**<br>15.880,00 ден.<br>блок дотација;<br>34.045,00 ден.<br>сопствени средства |
| Копирање и печатење | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 137.500,00<br>ден.блок дотација, сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>0<br>**(Втор квартал)**<br>15.000,00 ден. сопствени средства |
| Патни расходи(дневници) | Активноста се спроведува континуирано согласно потребите на основните училишта | 124.000,00ден<br>сопствен буџет основни училишта | **(Прв квартал)**<br>**0**<br>**(Втор квартал)**<br>14.430,00 ден.<br>Сопствени средства |
| Проект: „Нашите првачиња„ | Преку оваа активност секое запишано прваче во основните училишта на територија на општина Охрид ќе добие на сметка на својот родител/старател по 3000 денари еднократен надомест со цел да се помогне на родителите за трошоците.<br>Активноста ќе се реализира во текот на месец септември | 1.500.000,00<br>Општина Охрид | 0 |
| Монитиронг и патролно обезбедување на дел од | Завршена е постапката за јавна набавка и избран | 1.400.000,00<br>Буџет на општина | **(Прв квартал)** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| основните училишта на територијата на општина Охрид | е економски оператор кој ќе ја врши услугата. Се очекува да започне процес на инсталација на системите кои се предвидени согласно договорот | Охрид | 274.021,00 ден.општински средства **(Втор квартал)** 413.650,00 ден. општински средства; |
| **Вкупно:** | | **442.929.567,00** | **102.695.689,00** прв квартал **113.270.987,00 ден. втор квартал** |

**48,8% реализирано од планирано**

**Број 08-12032/54** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027 (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2025-2027 (НА) за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/161** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина

Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027 (НА) ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на развојната програма за капиталните инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2025-2027 (НА) за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/55**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА ОПШТИНА ОХРИД ВО ОБЛАСТА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ 2025-2027(НА)**
**01.04.2025 - 30.06.2025**

Активностите на Општина Охрид кои се предвидени во Развојната програма за капитални инвестиции на општина Охрид во областа на основното образование 2025 – 2027 година (НА Програма) се насочени кон реализација на капитални инвестиции во основните училишта на територијата на општина Охрид. Современите технолошки достигнувања налагаат воведување нови напредни техники за одвивање на наставата, за што битен предуслов е создавање на соодветни просторни услови за реализација на истите. Создавањето на услови за подобар образовен систем претставуваат предизвик на Општина Охрид.

Исполнувањето на активностите предвидени во оваа програма треба да овозможи современи услови за одвивање на наставата, пријатни услови за учениците и наставниците кои поголемиот дел од денот го поминуваат во образовните институции. Активностите предвидени во програмата ќе се финансираат од Буџетот на општина Охрид, од сопствени приходи на училиштата и од донации.

Предмет на овој извештај ќе се реализираните активности, согласно програмата предвидена за реализација во 2025 година

**Реализирани активности (01.04. - 30.06.2025)**

| **Предвидена активност согласно програма** | **Степен на реализација со опис** | **Предвиден буџет согласно Програма** | **Потрошени средства (денари)** |
|---|---|---|---|
| Изградба на училишна спортска сала ООУ„Ванчо Николески“ – с.Лескоец | Завршена е постапката за избор на економски оператор, внесен е во работа и во тек се градежните активности | 6.303.562,00 МОН 9.850.893,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Опремување на спортска сала-ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец | | 2.000.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Изведба на потпорен ѕид – спортска сала ООУ „Ванчо Николески“ с.Лескоец-Охрид | Завршена е постапката за избор на економски оператор. Градежните активности се во тек | 2.761.826,00 Буџет на општина Охрид | **Втор квартал** 2.761.825,00 Општински средства |
| Ископ и приклучување на електродистрибутивна мрежа ООУ „Ванчо Николески“с.Лескоец | | 400.000,00 Буџет на општина Охрид | |
| Реконструкција и адаптација на простор за нова училишна зграда и подови во училници ООУ„Кочо Рацин“ - Стара Касарна | Завршена е постапката за избор на економски оператор, внесен е во работа и во тек се градежните активности | 19.413.868,00 МОН<br><br>2.750.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на ходници и партерно уредување во ООУ „Кочо Рацин“ – стара касарна | Објавен е тендер за избор на економски оператор.Операторот е внесен во работа и во тек се градежните активности. Градежните активности се во завршна фаза | 10.000.000,00 Буџет на општина Охрид | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изработка на фаза машинство за потребите на новата зграда за ООУ „Кочо Рацин“ – Охрид | Завршена е постапката за избор на економски оператор, внесен е во работа и во тек се градежните активности | 12.863.327,00<br>Буџет на општина Охрид | Прв квартал<br>4.806.494,00<br>Општински средства<br>Втор квартал<br>3.872.701,00<br>Општински средства |
| Опремување на училишна зграда во ООУ „Кочо Рацин“-Стара Касарна | Издадена е потврда за обезбедени финансиски средства за отпочнување на тендерска постапка. | 6.000.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Поставување на фотоволтаици во ООУ „Кочо Рацин“ – стара касарна | МОН | | |
| Реализација на активности во рамки на проектот за енергетска ефикасност во јавниот сектор | Добиени се одобренија за реконструкција. Реализацијата на активностите е во тек | 10.563.402,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Промена на кровен покривач во ПУ Трпејца | Активноста е завршена. | 60.000,00<br>Буџет на општина Охрид | Прв квартал<br>60.000,00 денари |
| Набавка на компјутери ООУ „Григор Прличев“ | Издадена е потврда за обезбедени средства за објавување на тендер за избор на економски оператор.Тендерската постапка е во тек. | 560.000,00<br>Буџет на општина Охрид | **0**<br>0 |
| Набавка на училишен мебел и опрема во ООУ „Григор Прличев“ | Набавката е извршена | 124.000,00<br>Донација | Втор квартал<br>86.800,00 ден. |
| Набавка на смарт табли во ООУ „Св.Климент Охридски“ | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 300.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Реконструкција на тоалети ООУ„Св.Климент Охридски“ Охрид | Изработен е проект и објавен тендер за избор на економски оператор<br>Избран е операторот и постапката за реконструкција е во тек | 1.810.000,00<br>Буџет на општина Охрид<br>1.200.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Набавка на клупи и столчиња во ООУ „Христо Узунов“ | Објавен е тендер и избран е економскиот оператор.Набавката е во тек. | 1.579.850,00<br>Буџет на општина Охрид | **Втор квартал**<br>1.578.000,00<br>Општински средства |
| Набавка на ролетни за училници во ООУ „Христо Узунов“ | Објавен е тендер и избран е економскиот оператор.Набавката е во тек. | 598.000,00<br>Буџет на општина Охрид | **Втор квартал**<br>458.194,00<br>Општински средства |
| Уредување на училишен двор (активноста ќе се одвива преку ЈП Градски гробишта Охрид) во ООМУ „Методи Патче“ | Реализацијата на активноста е во тек. | 700.000,00<br>Буџет на општина Охрид | |
| Реконструкција на фасада и олуци во ООМУ „Методи Патче“ | / | 700.000,00<br>Буџет на општина Охрид | 0 |
| Набавка на опрема и машини | Активноста се одвива континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.880.000,00<br>Сопствени средства и донации | Втор квартал<br>512.898,00 ден.<br>Донација<br>189.447,00 ден.<br>Сопствени средства |
| Изготвување основни проекти и елаборати и надзор при изградба на објекти | Активноста се одвива континуирано согласно потребите на основните училишта | 1.704.846,00<br>Буџет на општина Охрид<br>300.000,00<br>Буџет на општина Охрид | Прв квартал<br>70.800,00<br>Општински средства<br>Втор квартал<br>372.972,00<br>Општински средства |
| Санација на паркет во спортска сала – ООУ „Григор Прличев“ | / | 1.355.000,00 | **0** |
| Изведба на дренажен систем од надворешна страна во ООУ „Братство единство“ | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 315.000,00<br>Буџет на општина Охрид | **0** |
| Изработка, монтажа и демонтажа на 10 врати | Објавена е тендерска постапка за избор на економски оператор. | 220.000,00<br>Буџет на општина Охрид | **0** |
| Уредување на училишен двор во ООУ „Св.Наум Охридски“ с.Пештани | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 678.500,00<br>Буџет на општина Охрид | **0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Набавка на смарт табли во ПУ Елшани | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 145.100,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Набавка на спортска опрема и реквизити за часовите по ФЗО и спорт | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 600.000,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Набавка на машини за чистење во ООУ „Христо Узунов“ и ООУ „Григор Прличев“ | Издадена потврда за обезбедени средства на ООУ „Христо Узунов“.Постапката е во тек | 650.000,00 Буџет на општина Охрид | **Втор квартал** 320.016,00 280.368,00 Општински средства |
| Набавка на компјутери и печатари ООУ „Св.Климент Охридски“ | Набавката е во тек. | 60.000,00 Буџет на општина Охрид | **Втор квартал** 59.800,00 Општински средства |
| Реконструкција на просторија од ходник во ООУ „Св.Климент Охридски“ | / | 180.000,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Демонтажа на постоечка надворешна столарија и нејзино одлагање, изработка и монтажа на комплетна надворешна столарија во ООУ „Братство единство“(Крст Џамија) | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 546.300,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Демонтажа на постоечки под од ламинат и набавка, транспорт и монтажа на под-ламинат во училници во ООУ „Братство единство“(Крст Џамија) | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 420.000,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Набавка на бели магнетни табли во ООУ „Братство единство“ (Крст Џамија) | Набавката е во тек. | 52.874,00 Буџет на општина Охрид | **Втор квартал** 52.864.,00 Општински средства |
| Набавка, транспорт и монтажа на внатрешни врати во училници во ООУ „Братство единство“ (Лескајца) | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 209.000,00 Буџет на општина Охрид | **0** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Приклучок на водоводна линија за ООУ „Кочо Рацин“ - Касарна | Издадена потврда за обезбедени средства. Потребно е да се отпочне тендерска постапка. | 295.154,00 Буџет на општина Охрид | **0** |
| Реконструкција на тоалети ПУ Коњско | 2025 | 307.000,00 | |
| Изградба на видиковец (активноста ќе се одбива преку ЈП „Градски гробишта“ – Охрид) | 2025 | 150.000,00 | |
| Реконструкција на училници ООУ „Христо Узунов“ | 2025 | 240.000,00 | |
| Молерисување на простории ООУ „Григор Прличев“ | 2025 | 30.000,00 | |
| Санација на електрична инсталација-заземнување ООУ „Григор Прличев“ | 2025 | 150.000,00 | |
| Отстранување на дефект на системот за греење ООУ „Братство единство“ – Крст Џамија | 2025 | 203.125,00 | |
| Набавка на ролетни за училници | 2025 | 40.000,00 | |
| **Вкупно НА**: | | 101.270.627,00 Буџет на општина Охрид и Буџет на РМ | **Прв квартал 4.937.294,00 денари општински средства Втор квартал 9.756.740,00 Општински средства 189.447,00 денари сопствени средства 599.698,00 денари Донација** |

**Во првиот квартал училиштата доставуваа барања до Општина Охрид за издавање на потврди за обезбедени средства за програмските активности за распишување на тендерски постапки за избор на економски оператор. Дел од тендерските постапки се започнати и завршени до крајот на првиот квартал, а некои и до крајот на вториот квартал.**

**Број 08-12032/56**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
-05.06.2025 година-По претходно остварената средба со раководството на Македонска алпинистичка федерација во Скопје, министерот за спорт г. Борко Ристовски престојуваше во Охрид, каде што го посети Оперативниот и тренинг центар на Планинската Спасителна Служба. На средбата присуствуваше и градоначалникот на општина Охрид, г. Кирил Пецаков. Волонтерите на ПСС му ја презентираа на министерот инфраструктурата, опремата и возилата со кои располага службата, како и важноста на континуираната поддршка од општината, која е клучна за одржување на оперативната подготвеност, но и за унапредување на спортската дејност. Министерот Ристовски го изрази своето задоволство од постигнатото и најави зголемена поддршка за сите општествено-корисни иницијативи во кои волонтерски учествуваат членовите на ПСС.

-09.06.2025година-Оперативниот центар на ПСС доби повик за интервенција на врвот Парумба, на Јабланица, каде жена од Струга, се здобила со сериозна повреда на скочен зглоб. Поради комплексноста на теренот и далечината од најблискиот пристапен пат, ПСС се обрати до ЦУК со барање за воздухопловна асистенција. Во меѓувреме, еден тим од 6 спасувачи со теренско возило беше на готовс со цел пешки да пристапи во случај да нема можност за интервенција со хеликоптер. После 2 часа беше полетан хеликотер на МВР во содејство со припадници на Специјалната Антитерористичка Единица.

-13.06.2025 година-Повик за повредена жена кј месноста Канео. Истата при пешачење го исчашила скочниот зглоб. Интервенираше четиричлена екипа. Жената беше имобилизирана и со пловен објект пренесена до охридското пристаниште каде беше предадена на брза помош.

-На 22 јуни 2025 година ПСС традиционално го обезбедуваше рекреативно спортскиот настан Тур де Галичица во организација на Преспа Бајк. Беше организирана една екипа стационирана во спасителната станица Планинска куќа “Спиридон”. Настанот помина без потреба од интервенции.

-27-29.06.2025 година-Инструкторскиот тим при Планинската Спасителна Служба организираше обука за волонтерите во рамки на организациите членки на Националниот Сојуз за Планинско Спасување. Обуката се одржуваше во с. Велестово и во околината на Планинската куќа “Спиридон” на Галичица. На тридневната обука се опфатија следните теми:

•Предавање за радио станици, фреквенции, законска регулатива и правилна употреба

•Имобилизации на повредени со примена на специјализирани средства според препораките на ICAR

•Мултифункциски носилки и транспорт на повредени на нетехнички планински терен

•Техники за работа на технички терен, со примена на т.н. Lightweight Equal Load Ropes најнова препорака од ICAR

•Подготовка на спасителна операција

На крајот од обуката беше изведена заедничка вежба за спасување, со примена на претходно работените техники.

2. Во однос на втората точка-Ангажирање на Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид, кое претставува дел од Единицата за противпожарна заштита во рамки на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид, во периодот 01.04-30.06.2025 година, Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид ги реализираше следните активности:

- Спроведување на теоретски, практични обуки и презентации за пожари заедно со ТППЕ Охрид во основни и средни училишта на територијата на град Охрид..
- Тековни практични и теоретски обуки на членовите.
- Припрема на теренот и учество на обука за справување со шумски пожари спроведена од страна на ДЗС.
- Логистичка поддршка со теренско возило на велосипедскиот настан „СЛАВЕЈ-МТБ 2025” и спроведување на превентивна кампања со доделување на флаери за заштита на шумите од пожари.
- Свечен прием на делегација од Р.Австрија, посета и средби со локалното население во Општина Дебрца и село Пештани и официјално примопредавање на противпожарно возило. Реконструкција на објекот со промена на прозорци како приоритет за ревитализација на истиот за што се искористени финански средства.

3. Во однос на третата точка-Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли), во Општина Охрид оваа активност во целост е реализирана за периодот на грејна сезона, заклучно со април 2025 година од страна на економскиот оператор ДООЕЛ Шики.

4. Во однос на четвртата точка- Обука за заштита и спасување на Просторните сили за заштита и спасување на општина Охрид-Записник бр.03-5677/2 од 06.05.2025 година.

Согласно член 122 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, 215/21) и согласно Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година бр.08-15415/19 од 25.12.2024 година, на ден 05.05.2025 година се оддржа обука

за заштита и спасување на Просторните сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Охрид. Обуката беше спроведена од Центарот за обука на Дирекција за заштита и спасување од страна на следните обучувачи: Рамадан Асани и Жаклина Ангеловска.

На 05.05.2025 година се оддржа теоретски дел во голема сала во општина Охрид од 10.00-12.00 часот, кој ги опфаќаше следните теми: систем на заштита и спасување на РМ, организација и планирање на Штабот за заштита и спасување, евакуација, извлекување од урнатини, практични примери.

На 05.05.2025 година од 12.30 часот во кругот на просторот на ДПД „Ентузијаст” Охрид се оддржа практичен дел со показна вежба за гасење на пожар на отворен простор (шумски пожар) и ракување со ПП апарати и воведен дел за пожари. Практичниот дел го реализираше командирот на ТППЕ Охрид и пожарникари на ТППЕ Охрид заедно со претставниците од ДЗС.

Исто така за време на практичниот дел беше направена и презентација за нов еколошки препарат за гасење на пожари на база на ладење.

Обуката за заштита и спасување беше наменета за следните просторни сили за заштита и спасување на подрачјето на општина Охрид:

-Планинска Спасителна служба при Црвен крст-Охрид;

-Доброволно противпожарно друштво Ентузијаст Охрид-Дебрца Охрид;

-Здружение на љубители и подржувачи на НП Галичица Охрид;

-Здружение на планинари Великамен-с.Елшани Охрид;

-Доброволното противпожарно еколошко и хуманитарно здружение ЕКО ФАП Охрид;

- ЈП Охридски комуналец Охрид;
- ЈП Градски пазар-Охрид;
- ЈП Градски гробишта-Охрид;
- ЈП Национален парк Галичица-Охрид;
- ЈП Национални шуми-ПШС Галичица-Охрид.

По завршување на обуката, на членовите на горенаведените единици и ШЗС треба да им се издадат сертификати за спроведената обука од страна на Дирекцијата за заштита и спасување и да се достави елаборат и извештај за реализираната обука.

За реализација на обуката не се потрошени финансиски средства.

**Финансиски дел од извештајот**

За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по настанати кризи, од страна на Одделението за заштита и спасување, управување со кризи при Секторот за општи работи, во периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година, од Програмата $Q_1$, потрошени се вкупно 635.800,оо денари:

| **Реализирани финансиски средства од Програмата за реализација на активностите на општина Охрид од областа на заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи за 2025 година за периодот 01.04.2025-30.06.2025 година** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Програмски активности** | **Реализирани финансиски средства во денари** |
| 1. | Ангажирање на Планинска Спасителна Служба на Црвен крст Охрид; | 525.000 денари |

| | | |
|---|---|---|
| 2. | Ангажирање на Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид; | 60.000 денари |
| 3. | Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли). | 47.200 денари |
| | **Вкупно** | **632.200 денари** |

1. За реализација на програмските содржини од областа на заштита и спасување на Одделението за административно-техничка поддршка при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година, од Програмата $Q_1$, потрошени се вкупно 525.000,оо денари (3х177.000 денари) за месеците април, мај и јуни 2025 години за ангажирање на Планинската спасителна служба, односно за 2.270,оо денари помалку од реално потрошените средства (527.270,оо денари) за активностите на ПСС во наведениот период.

Преглед на потрошените средства:

- 49.242,00 денари за одржување на зграда и опрема на ПСС;
- 3.990,00 денари за храна и пијалаци за волонтери при акции;
- 5.398,00 денари за колективно осигурување на волонтери;
- 31.400,00 службени патувања, семинари и сл;
- 20.697,00 денари за телекомуникациски услуги извршени од страна на ПСС;
- 5.500,00 денари за одржување, сервис и регистрација на возила на ПСС;
- 76.524,00 денари за гориво за потребите на ПСС;
- 1.915,00 денари за банкарски провизии на ПСС;
- 332.604,00 денари за хонорари и надоместоци за ангажман на стручна служба во оперативен центар;

2. За Ангажирање на Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид за периодот 01.04-30.06.2025 година се исплатени 60.000 денари (3х20.000 денари). Согласно доставениот финансиски извештај на Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид, во овој период Противпожарно доброволно друштво Ентузијаст Охрид има реализација на средства во износ од 77.547 денари, односно:

- Трошоци за реконструкција на објектот на ДПД Ентузијаст за промена на прозорци по ф-ра бр. 102-1 „ПРАГМАТИКА КОМ ДООЕЛ„ Охрид во износ од 30.750 денари.
- Набавка на ПП опрема за потребите на ДПД Ентузијаст: Ф-ра бр. 2500000441 „АРМОР ПЛУС Д.О.О за набавка на ПП метри во износ од 8.496 денари.
- Ф-на сметка „АГРОТЕКА ДООЕЛ„ за набавка на грбна пумпа 16л во износ од 1.700 денари.
- Ф-на сметка „ДАНИ&ДАМИР 2015„ за набавка на 2 акумулаторски батерии во износ од 3.000 денари.
- Ф-на сметка „ ШИБАК ТРЕЈД ДООЕЛ„ за набавка на количка во износ од 3.000 денари.
- Набавка на блузони и маички за членовите на ДПД Ентузијаст по ф-ра бр.0134/25 „Астра Дизајн ДООЕЛ„ Охрид во износ од 16.933 денари.
- Репрезентативни трошоци за пречек на делегација од Р.Австрија по ф-на сметка „ТАМАРО МАРКЕТ ДООЕЛ„ во износ од 1.248 денари.

- Трошоци за гориво и масло за возилата на ДПД Ентузијаст по ф-ни сметки во износ од 12.420 денари.

3. За реализацијата на програмската активност-Чистење на оџаци, димноводни уреди, системи за воздух, системи за воздушно и водно греење, огништа-котли за парно греење (2 оџаци, канали и 2 парни котли) за периодот 01.04.-30.06.2025 година се исплатени 47.200 денари спрема економскиот оператор ШИКИ ДООЕЛ, односно две фактури за март и април 2025 година по 23.600 денари.

Од Програмата $Q_1$ за периодот 01.04-30.06.2025 година потрошени се вкупно 632.200 денари, што заклучно со јуни 2025 година претставува 47,90 % од вкупно предвидените финансиски средства за реализација на целата Програма за заштита и спасување, управување со кризи и ревитализација по елиминирање на кризи на општина Охрид за 2025 година.

**Број 08-12032/68** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/168** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид

(„Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/69** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА***
***ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.2025 ГОДИНА ДО 30.06.2025 ГОДИНА***

Согласно Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година бр. 08-15415/20 од 25.12.2024 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, се извршуваат тековни работни задачи од областа на безбедност и здравје при работа и спроведување на активности и мерки за чување и унапредување на здравјето и безбедноста на вработените во општина Охрид, вклучувајќи заштита од професионални ризици, унапредување на условите за работа, прилагодување на работниот процес кон способноста на вработените, при што работната средина и средствата за работа мора да бидат безбедни и безопасни по здравјето, замајќи ја во предвид природата на работата. Сите активности од областа на безбедност и здравје при работа се превземаат со цел да овозможи безбедна средина и здравје при работа на вработените во општина Охрид, подобрување на мерките за безбедност и здравје при работа, процена на секој вид на ризик за сите работни места, безбедносни мерки за контрола на ризици и елиминирање на штетни последици, превентивни мерки за

намалување на повреди на работно место, позитивна работна култура, подобро здравје на работа и подобар квалитет на живот на вработените во општина Охрид.

Одделението за заштита и спасување и управување со кризи при Секторот за општи работи на општина Охрид, во периодот од 01.04.2025 година–30.06.2025 година во однос на безбеденост и здравје при работа ги реализира следните активности:

## 2. Реализирани програмски активности

| Ред. бр. | Програмски активности |
|---|---|
| 1 | Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Закон за безбедност и здравје при работа; |
| 2. | Тендерска постапка за набавка на лична заштитна опрема за заштита и безбедност на патишта; |
| 3. | Тендерска постапка за набавка на ПП апарати; |
| 4. | Започнување на тендерска постапка за Технички преглед и периодично испитување на лифт и хидраулична платформа; |
| 5. | Реализирање на обука за основно одржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор; |
| 6. | Учество на стручна работилница „Пожари, повреди при работа и професионални заболувања на работни места-правилно постапување и соодветна заштита”. |

1. Во однос на првата точка- Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Закон за безбедност и здравје при работа, оваа услуга е извршена за месеците март, април и мај 2025 година од страна на економскиот оператор ДОО „Технички институт Македонија”-Неготино согласно Договор бр.09-10367/1 од 08.08.2024 година и се доставени извештаи за превземени мерки за безбедност при работа.
2. Во однос на втората точка- Тендерска постапка за набавка на лична заштитна опрема за заштита и безбедност на патишта, во горенаведениот период започната е тендерска постапка за набавка на лична заштитна опрема за безбедност и работа на пат, но не беше пријавен понудувач, при што во наредниот период тендерот ќе биде реобјавен.
3. Во однос на третата точка-Тендерска постапка за набавка на ПП апарати, во горенаведениот период, односно на 04.06.2025 година е склучен договор за Дел 2-Набавка ПП апарати за потребите на општина Охрид со економскиот оператор СИГУРНОСТ-ДП ДООЕЛ Скопје (Договор бр.09-8568/1 од 04.06.2025 година).
4. Во однос на четвртата точка-Започнување на тендерска постапка за Технички преглед и периодично испитување на лифт и хидраулична платформа, во горенаведениот период е набавена потврда за планирани средства за таа намена од Секторот за финансиски прашања и е поднесено Барање за јавна набавка до Одделението за јавни набавки и тендерската постапка за овој вид на услуга е во тек.
5. Во однос на петтата точка-Реализирање на обука за основно оддржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор, оваа обука се оддржа на 14.04.2025 година согласно измените на Законот за здравствена заштита (чл.96 ст.6) и законската обврска за обучување на лица за основно одржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор. Обуката ја оддржаа претставници од Медицински симулациски центар-Скопје, како овластена институција за спроведување

на оваа обука и истата се оддржа во ЈЗУ Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања -„Свети Стефан"-Охрид. Од општина Охрид беа обучени пет лица, кои добија сертификати за завршената обука.

6. Во однос на шестата точка- Учество на стручна работилница „Пожари, повреди при работа и професионални заболувања на работни места-правилно постапување и соодветна заштита”, истата се оддржа на 21 мај 2025 година во Скопје, во организација на Друштво за едукација, консалтинг и други интелектуални услуги Симпозион ДООЕЛ-Скопје на која присуствуваа двајца претставници од општина Охрид. Главна цел на работилницата е преку стручен и интерактивен пристап, преку практични примери да се стекне јасна претстава за потребите и обврските за заштита од пожари, за безбедност и здравје при работа на државните институции, јавните претпријатија и приватниот сектор. Фокусот на работилницата беше поставен на следните централни теми: одговорност за примена/непримена на мерки за безбедност; заштита и спасување-законски обврски и плански документи; безбедност и здравје при работа-законски обврски; инспекциски надзори.

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од областа безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година, од страна на Одделението за заштита и спасување, управување со кризи при Секторот за општи работи, реализирани во периодот од 01.04.2025 година до 30.06.2025 година, потрошени се вкупно 37.712 денари, односно 21.712 денари од Програмата $Q_0$.

| **Реализирани финансиски средства од Програмата за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година за периодот 01.04.2025 година-30.06.2025 година** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Програмски активности** | **Реализирани финансиски средства во денари** |
| 1. | Ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Закон за безбедност и здравје при работа; | 5.310 денари |
| 2. | Реализирање на обука за основно одржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор; | 16.000 денари* |
| 3. | Учество на стручна работилница „Пожари, повреди при работа и професионални заболувања на работни места-правилно постапување и соодветна заштита”. | 16.402 денари |
| | **Вкупно** | **37.712 денари** |

*Обуката за основно одржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор е реализирана од програмата за општинска администрација $E_0$.

1. За ангажирање на надворешно правно лице за извршување на стручни работи согласно Закон за безбедност и здравје при работа во периодот 01.04-30.06.2025 година се исплатени 5.310 денари, односно фактури за три месеци (март, април и мај 2025

година) по 1770,00 денари од Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година $Q_0$.

2. За реализирање на обука за основно одржување на живот со користење на автоматски надворешен дефибрилатор, во периодот 01.04-30.06.2025 година се исплатени 16.000 денари ( фактура бр.07/25 од 15.04.2025 година) од програмата за општинска администрација Е0.

3. За учество на стручна работилница „Пожари, повреди при работа и професионални заболувања на работни места-правилно постапување и соодветна заштита” во периодот 01.04-30.06.2025 година се исплатени 16.402 денари (фактура бр.168/25 од 20.05.2025 година и профактура бр. 155/25 од 16.05.2025 година со архивски број 05-929 од 16.05.2025 година) од Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година $Q_0$.

Од Програмата $Q_0$ за периодот 01.04-30.06.2025 година потрошени се вкупно 21.712 денари и 16.000 денари од Програмата $E_0$. Заклучно со 30.06.2025 година, вклучувајќи го и првото тримесечје, од Програмата $Q_0$ се потрошени вкупно 28.792 денари, што претставува 8,66% од вкупно предвидените финансиски средства за реализација на целата Програма за безбедност и здравје при работа на општина Охрид за 2025 година.

**Број 08-12032/70**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на годишната програма на општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/169**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА МАЛОЛЕТНИЧКО ПРЕСТАПНИШТВО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА**
**ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на годишната програма на општинскиот совет за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.04. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/71** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО ЗА 2025 ГОДИНА***
***ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.04.2025 ДО 30.06.2025 ГОДИНА***

Согласно Програмата за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво за 2025 година бр. 08-14468/96 од 04.12.2024 година, усвоена од страна на Советот на Општина Охрид, Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на општина Охрид реализира активности кои се однесуваат на следниве области:

1. Проценка на состојбата со малолетничкото престапништво на подрачјето на општина Охрид;
2. Сензибилизирање и подигање на свеста на заедницата за постоечкиот и растечки проблем со малолетничката делинквенција;

3. Воспоставување и јакнење на координираната соработка на ОСПМП со институциите кои го третираат проблемот со малолетничкото престапништво на национално, регионално и локално ниво.

Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид, во периодот од 01.04.2025 година–30.06.2025 година ги реализира следните програмски активности:

**3. Реализирани програмски активности**

| **Ред. бр.** | **Програмски активности** |
|---|---|
| 1 | Реализирање на работилница на тема „Боите на емоциите”; |
| 2. | Реализирање на работилница на тема „Безбедност и правила за децата во сообраќајот”; |
| 3. | Организирање на дебата на тема „Црвен картон за врсничкото насилство”; |

1. Во однос на првата точка- Реализирање на работилница на тема „Боите на емоциите”, во периодот 01.04.2025–30.06.2025 година, Општинскиот совет за превенција на малолетничко претстапништво на општина Охрид ја реализира работилницата во следните училишта:
- ООУ „Св.Наум Охридски”-Пештани (15.05.2025 година)-Извештај бр.03-7585/1 од 16.05.2025 година;
- ООУ „Кочо Рацин” (23.05.2025 година)-Извештај бр.03-8071/1 од 26.05.2025 годин;
- ООУ „Св.Климент Охридски” (04.06.2025 година)-Извештај бр.03-8641/1 од 05.06.2025 година.

Работилницата е наменета за учениците од второ одделение и истата беше реализирана од психолог и педагог со подготвена презентација со наслов „Боите на емоциите“, како и материјали за интерактивна вежба во која од учениците се бараше да се искрени и креативни. Целта на оваа работилница беше учениците да стекнат основни знаења за емоциите, вештини за препознавање, правилно реагирање и споделување на основните емоциите. Најпрво со учениците се разговараше за емоции, за нивните искуства со препознавање емоции, а учениците беа ставени во улога да глумат случки кои кај нив предизвикуваат одредени емоции. Потоа презентација се споделија основни информации за емоциите, како и начини на изразување и споделување на истите. Преку истата тие стекнаа одредени знаења, но и имаа интерактивна улога кога требаше да одговараат на прашања, да даваат идеи и да споделуваат причини и решенија за одредени емоции и ситуации. Се поттикнуваше нивната креативност, искреност, соработка и изразување. Презентацијата заврши со квиз, со цел да се измери стекнатото знаење на предвидената тема. На крајот од работилницата имаше вежба со индивидуална работа, каде секој ученик доби 4 листа во различна боја и 4 сликички со изрази од основните емоции, каде секој ученик требаше да одговори на прашањата од типот: Што ме прави среќен/на?, Што ме прави тажен/на?, Што ме прави лут/а? И Што ме прави исплашен/на?, Како реагирам кога сум среќен/на?, Како реагирам кога сум тажен/на?, итн. Учениците своите одговори можеа да ги претстават со текст или цртежи. Учениците добија и одредени конкретни совети за реагирање на одредени емоции.

2. Во однос на втората точка- Реализирање на работилница на тема „Безбедност и правила за децата во сообраќајот” во периодот 01.04.2025–30.06.2025 година,

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид оваа работилница ја реализираше во следните основни училишта:
- ООУ „Св.Наум Охридски”-Пештани со подрачните училишта од с.Коњско, с.Елшани и с.Трпејца (22.05.2025 година)-Извештај бр.03-7990/1 од 23.05.2025 година,
- ООУ„Ванчо Николески”-Лескоец со подрачните училишта од с.Косел и с.Куратица (22.05.2025 година)-Извештај бр.03-7990/2 од 23.05.2025 година,
- ООУ„Живко Чинго”-Велгошти (22.05.2025 година)- Извештај бр.03-7990/3 од 23.05.2025година,
- ООУ „Кочо Рацин”-Охрид 26.05.2025 година)-Извештај бр.03-8072/1 од 26.05.2025 година и ООУ „Кочо Рацин”-с.Лакочереј 02.06.2025 година)-Извештај бр.03-8072/2 од 02.06.2025 година.

Работилницата ја реализираше Општинскиот совет за превенција на детско престапништво со Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици при општина Охрид и Секторот за внатрешни работи-Охрид.

Работилницата се состоеше од теоретски дел со интерактивна презентација и практичен дел и имаше за цел децата како најранлива група на учесници во сообраќајот да се запознаат со основните правила за безбедност во сообраќајот. Посебен акцент се стави на значењето на боите на семафорот, правилно преминување на улица на пешачки премин, правила при користење на средства за движење, улогата на сообраќаецот во регулирање на сообраќајот, возила со предност на минување и значењето на сообраќајните знаци. По завршување на интерактивната презентација на учениците им беше даден квиз за проверка на стекнатите знаења за безбедност во сообраќајот.

За практичниот дел на учениците им беше нацртана крстосница со пешачки премин и велосипедска лента со полигон за проверка на моторичките способности на децата од второ и трето одделение. На раскрницата им беше демонстрирано како сообраќаец го регулира сообраќајот, при што учениците имаа можност со велосипеди да научат правилно да се движат на крстосница, почитувајќи ги дадените правила и знаци од страна на полицаецот. На учениците им беа поделени флаери и минимизирани сообраќајни знаци со содржини кои беа опфатени со работилницата, а на улилиштата им беа дадени едукативни материјали со интерактивни игри за безбедност во сообраќајот.

3. Во однос на третата точка- Организирање на дебата на тема „Црвен картон за врсничкото насилство”, Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид и Интернационална Полициска Асоцијаци ИПА на ден 23.05.2025 година во големата сала на општина Охрид, организираа дебата на тема „Црвен картон за врсничкото насилство“. На дебатата присуствуваа претставници на Советот за превенција на малолетничко престапништво на општина Охрид, претставници на ИПА-Охрид, полициски службеници од отсекот за превенција и инспектори за малолетничка деликвенција при СВР Охрид и ОВР Струга, претставници од секторот за образование од општините Охрид и Струга, наставници, педагози и психолози од образовните центри во Охрид и Струга, од основниот суд, адвокати за малолетници, од Центрите за социјални работи од Охрид и Струга, претставници од локалните младински совети, од Црвениот крст и други. Предавач на дебата беше академикот проф. д-р Љупчо Кеверески , кој презентира нов модел за превенција „ЕМПАТИПЛУС-СР нов модел за превенција на врсничкото насилство“ и истакна дека најчесто кај нас проблемот со насилството од и над младите е резултат на

задоцнети интервенции, превенција после интервенција, психолошко „маскирање“, институционална дефокусираност, институционални „парадокси“, пат на психолошкиот имунитет на младите, ерозија на емпатија. Претседателот на Советот на општина Охрид, Перчо Божиноски, го потенцира значењето на ваквите настани и ја истакна заложбата на општина Охрид во справувањето со врсничкото насилство. Свое обраќање имаше и претседателката на ОСПДП, д-р Билјана Богданова-Смилевска, која даде краток осврт на работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво и реализирање на програмските активности согласно Програмата за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид. Посебно ги потенцира предизвиците со кои се соочуваат младите и потребата од промовирање на вистински вредности. Врсничкото насилство е проблем кој бара мултидисциплинарен пристап и повлекува колективна одговорност. Примарната превенција е најбитниот облик која се остварува во рамки на семејството, па потоа превенцијата продолжува во образованието, поткрепена со системската, односно институционална превенција. Она што го заклучно го препорача претседателката е дека секој од нас треба да биде раката што го држи црвениот картон за врсничкото насилство. Настанот беше медиумски покриен и повеќе портали имаа објави за истиот. За оддржаната дебата е изготвен Извештај бр. 03-8070/1 од 26.05.2025 години.

## Финансиски дел од извештајот

За реализација на програмските содржини од Програмата за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид за 2025 година, за периодот 01.04.2025 година-30.06.2025 година се потрошени финансиски средства од буџетот на општина Охрид во износ од 56.056 денари (фактура бр.1078/25 од 05.06.2025 со архивски број 05-1086 од 05.06.2025 година.)

Од Програмата за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид за 2025 година заклучно со јуни 2025 година потрошени се вкупно 56.056 денари, односно 93,42% од вкупно предвидените финансиски средства за реализација на Програмата за работа на општинскиот совет за превенција на детско престапништво на општина Охрид за 2025 година.

**Број 08-12032/72**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година. што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/170**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/73**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

**И З В Е Ш Т А Ј**
**ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01 – 30.06.2025 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид на ден 25.12.2024 година донесе Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2025 година. Во Програмата за работа, активностите на Совеот на општина Охрид за 2025 година се планирани во четири тромесечија и тоа:

**ПРВО ТРОМЕСЕЧИЕ** (јануари, февруари и март)
**ВТОРО ТРОМЕСЕЧИЕ** (април, мај и јуни)
**ТРЕТО ТОМЕСЕЧИЕ** (јули, август и септември)

**ЧЕТВРТО ТОРМЕСЕЧИЕ** (октомври, ноември и декември)

Во првото тромесечие беа одржани:

**ПЕДЕСЕТ И ВТОРАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 30.01.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 17 точки на дневен ред. Дневниот ред беше дополнет со 5 точки. Советот усвои 18 Одлуки, 3 Програми и 1 Решение.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 8 точки, но седница на комисија не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 5 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беше предложена 1 точка. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

Комисија за верификација, избори иименување - Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**ПЕДЕСЕТ И ТРЕТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 28.02.2025 година. За работа на оваа седница беше предложена 25 точки. Дневниот ред беше дополнет со 5 точки. Советот усвои 5 Програми и 25 Одлуки.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 3 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 3 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за финансии и буџет - Беа предложена 11 точки на дневен ред. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

Комисија за заштита на животна средина – Беа предложени 2 точки на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа, бидејќи немаше кворум.

Комисија за верификација, избори иименување - Беа предложени 8 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности –Беа предложени 3 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисијата не се одржа..

Комисија за млади и спорт - Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

**ПЕДЕСЕТ И ЧЕТВРТАТА СЕДНИЦА** се одржа на ден 14.03.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 71 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 71 Одлука, а не усвои 1 Предлог Одлука.

**Комисија за јавни и комунални дејности** – Беа предложена 23 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

**Комиисја за урбанизам** – Беа предложени 8 точка. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

**Комисија за финансии и буџет** – Беа предложени 60 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 28 точки, но седница на Комисијата не се одржа.

**Комисија за туризам и локален економски развој** – Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**Комисија за заштита на животна средина** – Беа предложена 2 точка на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа, бидејќи немаше кворум

**Комисија за еднакви можности** – Беше предложена 1 точка на дневен ред и истите беа усвоени.

**Комисија за млади и спорт** – Беа предложени 2 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

**ПЕДЕСЕТ И ПЕТТАТА СЕДНИЦА** беше вонредна седница. Седницата се одржа на 26.03.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 3 точки. Советот усвои 3 Одлуки.

Во периодот од 01.01.до 31.03.2025 година Советот одржа 4 седници- 3 редовни и 1 вонредна седница.

За работа на сите седници беа предложени вкупно 116 точки.

Дневниот ред беше дополнет со 11 точки на 3 седници. .

Советот усвои вкупно точки и тоа 117 Одлуки, 8 Програми и 1 Решение.

Советот не усвои 1 Предлог Одлука.

**ПЕДЕСЕТ И ШЕСТАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 30.04.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 28 точки. Дневниот ред беше дополнет со 18 точки. Советот усвои 28 Одлуки и 18 Програми**

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложена 4 точки. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за урбанизам – Беа предложени 19 точка. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 3 точки. Дневниот ред беше дополнет со 18 точки. Членовите на Комисијата усвоија 3 точки, а 18 точки не се усвоија.

Комисија за млади и спорт – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа.

Комисија за туризам и ЛЕР - Беше предложена 1 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа

Комисија за општествени дејности - Беа предложени 3 точки. Бидејќи немаше кворум за работа седницата на Комисијата не се одржа.

**ПЕДЕСЕТ И СЕДМАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 28.05.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 49 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 50 точки - 1 Програма и 49 Одлуки.**

Комисија за урбанизам – Беа предложени 3 точки на дневен ред. Беше усвоена 1 точка, а 2 не беа усвоени.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 42 точки. Беа усвоени 15 точки, а 27 не беа усвоени.

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложена 22 точки. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за заштита на животна средина – Беше предложена 1 точка на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум

Комисија за верификација, избори иименување - Беше предложена 1 точка на дневен ред и истата беше усвоена.

Комисија за млади и спорт – Беа предложени 3 точки на дневен ред и истите беа усвоени.

Комисија за туризам и ЛЕР - Беа предложени 2 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа

**Комисија за општествени дејности** – Беа предложени 16 точки, и истите беа усвоени од членовите на комисијата.

**ПЕДЕСЕТ И ОСМАТА СЕДНИЦА се одржа на ден 30.06.2025 година. За работа на оваа седница беа предложени 28 точки. Дневниот ред беше дополнет со 1 точка. Советот усвои 29 Одлуки.**

Комисија за урбанизам – Беа предложени 14 точки на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за финансии и буџет – Беа предложени 11 точки на дневен ред. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за туризам и ЛЕР - Беа предложени 2 точка на дневен ред. Бидејќи немаше кворум, седница на Комисија не се одржа

Комисија за јавни и комунални дејности – Беа предложени 2 точки. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Комисија за општествени дејности – Беа предложени 9 точки. Седница на комисијата не се одржа бидејќи немаше кворум.

Во периодот од 01.04.до 30.06.2025 година Советот одржа 3 редовни седници.

За работа на сите седници беа предложени вкупно 105 точки.

Дневниот ред беше дополнет со 20 точки на 3 седници. .

Советот усвои вкупно 125 точки и тоа 106 Одлуки и 19 Програми.

## И З В Е Ш Т А Ј

За реализираните расходи од Буџетот на Општина Охрид,
програма А0- Совет на Општина Охрид за период 01.01-30.06.2025 година

Согласно востановената пракса за транспарентност во трошењето на буџетот, во продолжение даваме приказ на позначајните зафаќања- трошоци во овој квартал за програмата Совет во која се предвидени средства за нормално функционирање на оваа институција. Во рамките на Буџетот на општина Охрид за 2025 година за програмата А0 - Совет на Општина Охрид, одобрени се средства во висина од 55.014.000,оо денари. Реализираните расходи во висина од 33.212.704,оо денари се распределени по потставки во зависност од утврдената намена. Позначајните зафаќања и исплати во овој квартал се образложени подолу во текстот, како што следува:

Од вкупно реализираните расходи, заклучно со вториот квартал 2025 година, за плати и надоместоци за советници исплатени се 3.749.808,оо денари.

За наведениот период од тековните резерви исплатен е износ од 1.000.000,оо ден. на посебна сметка на Црвен Крст а во врска со трагичниот настан во дискотеката „Пулс“ во Кочани. Во делот за членарини во странски организации исплатени се вкупно 55.604,оо денари кон Организацијата за светско културно наследство членарина за 2025 година и 521.280,оо ден. членарина кон домашни организации- Зелс. Од програмата Совет како финансиска помош согласно барањата на јавните претпијатие за субвенционирање на дел од нивните трошоци од контото субвенции за јавни комунални претпријатија трансфериран е вкупен износ од 19.300.000,оо ден.

итоа, за ЈП „Водовод“ 14.000.000,оо ден. за ЈП „Градски Пазар“ 3.800.000,оо ден.и за ЈКП „Гробишта“ износ од 1.500.000,оо ден.

Посебна категорија на која Општина Охрид ѝ посветува особено внимание како во минатото, така и во овој период секако дека се учениците и студентите, со цел поттикнување на младите за достигнување на што поголеми успеси а опфаќајќи дел од доделените средства за учебната 2024-2022 година од одобрените средства со Буџетот во програмата Совет за 2025 за стипендии исплатени се вкупно 729.000,оо денари.

Во анализираниот период од контото други трансфери исплатени се вкупно 5.652.423,оо денари од кои износ 634.490,оо денари исплатени согласно потпишаниот меморандум со ЈЗУ Општа болница Охрид за помош за новородено дете, износ од 835.566,оо денари исплатено по решение за членовите на комисијата за донесување на урбанистички планови и 203.319,оо ден. исплатени средства по решение за членовите на комисијата за унапредување и заштита на правата на пациентите. Од истата буџетска позиција исплатен е и износ од 3.979.048,оо ден. согласно повикот на Општина Охрид за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Охрид.

За наведениот период од конто 465160- Трошоци по извршни исправи исплатен е износ од 2.148.389,оо ден.кон извршител Слободанка Колоска по основ нотарски акт- Договор за залог- хипотека врз недвижност, со кој Општина Охрид се стекнува со право на сопственост на недвижен имот а во врска со претходен судски спор за ненаплатено наше побарување.

Советот на Општина Охрид за периодот од 01.01.2025 година до 30.06.2025 година има извршено 60,37 % од вкупно планираните трошоци во буџетската 2025 година.

**Број 08-12032/74**
**26.08.2025 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025

година. што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/171**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 7 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2025 ГОДИНА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 30.06.2025 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2025 година за периодот од 01.01. до 30.06.2025 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/75**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

## ШЕСТМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
## ОД 01.04.2025 ДО 30.06.2025 година
## ПРОГРАМА Ј8
## ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ 2024 ГОДИНА

Овој извештај ја опфаќа реализацијата на програмските активности поврзани со унапредување на животната средина преку спроведување на мерки за чистење на речни корита, отстранување на диви депонии, како и контрола на штетни организми преку дератизација, дезинсекција и дезинфекција. Активностите се спроведени согласно годишната програма други комунални услуги.

Во извештајниот период од 01.01 до 30.06 2025 година, Секторот за комунални дејности согласно усвоената програма ги спроведе следните активности:

- ✓ изврши увид на стабилноста и функционалноста на постојните канали и речни корита во градот како основ за утврдување на потребните активности кои треба да се спроведат во насока на обезбедување на функционалност на истите;
- ✓ Спроведени се активности согласно располжливата механизација за чистење на диви депонии и други загрозувачки локалитети; Во соработка со ЈП Охридски Комуналец, општината изврши мапирање на нови депонии и преземени се активности за нивно чистење;
- ✓ Изврши увид на функционалноста на атмосферските канализациони мрежи;
- ✓ Изготвени се технички премери и предмер пресметки за реализација на активностите утврдени во оваа програма;
- ✓ Објавени се постапки за ангажирање на градежна механизација, постапка за хидромеханичко чистење и постапка за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на подрачјето на општината.

Спроведените активности во однос на реализација на оваа програма се дел од обврските на вработените и не предизвикуваат програмски трошоци.

Спроведените активности значително придонесоа за подобрување на животната средина и јавното здравје во општината.

Остварените расходи за спроведените активности за оваа програма се дадени во следната табела:

**ПРОГРАМА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ**

## Други комунални услуги

Општина Охрид согласно усвоениот буџетски календар и циркуларното писмо добиено од Министерството за финансии, во кое се утврдени параметрите по основ на блок- дотации и други трансфери од власта, на седницата одржана на ден 25.12.2024 година со Одлука бр. 08- 15415/43 го утврди буџетот на Општината за 2025 година на вкупен износ од 1.957.195.223,оо денари. Со Одлука за проширување на средства во буџетот на Општина Охрид за 2025 година бр.08-2489/25 од 28.02.2025 год. во делот на донации во основното образование се направија измени со што вкупниот буџет претрпе измени и нивото на истиот беше заокружено на 1.958.175.610,оо ден. Со Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид за 2025 година-пренамена бр.08-797/7 од 30.01.2025 се се изврши реалокација на средства во неколку програми, од едно конто на друго, при што нивото на буџетот останува непроменето, потоа повторно беше донесена Одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Охрид за 2025 година-пренамена бр.08-2489/24 од 28.02.2025 год. повторно со неколку измени на одредени конта во рамките на неколку програми при што повторно нивото на буџетот остана непроменето. Во продолжение на кварталот уште во два наврати беа донесени вакви одлуки, Одлука бр.08-3254/96 од 14.03.2025 год. и Одлука бр.08-4188/4 од 26.03.2025 год. согласно пројавените потреби за одредена реалокација на средства во неколку програми, при што она што беше направено со овие измени е реалокација на средства од едно конто на друго, во рамките на постојните програми при што нивото како на основниот буџет, така и на вкупниот буџет останува непроменето. До крај на тековниот квартал во текот на месец Април беше донесена Одлука за измена на распоредот на средства во буџетот на Општина Охрид бр.08- 6525/20 од 30.04.2025 год. со што фактички се изврши зголемување на нивото на буџетот во вкупен износ од 83.567.096,оо ден. Зголемувањето беше направено во сите буџетски групи а најголемите измени се однесуваат на измена во основниот буџет. Ваквите измени се однесуваат на усогласување на делот на пренесеното салдо, усогласување на планираното салдо со реално пренесено и зголемување на основниот буџет во износ од 108.993.972,оо ден. дел кој Општина Охрид го добива како дополнителни средства во делот на ДДВ, дел за перформанси со што вкупниот буџет се заокружува на 2.041.742.706,оо ден. Во текот на месец Мај се донесоа две одлуки од кои едната бр. 08-7820/75 од 28.05.2025 од. се однесува на пренамена на средства односно реалокација на средства од една програма во друга односно од едно конто на друго и Одлука бр. 08-7820/75 од 28.05.2025 год. која се однесува на проширување на буџетот односно дополнителни средства во износ од 1.492.645,оо ден. во делот на донации кој се однесува на добиени средства по проект Еразмус.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините остваруваат приходи од следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени

проекти од разни меѓународни институции и фондови;

- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и постојната класификација на приходите во зависност од нивниот извор на настанување, најголем дел од планираните средства во буџетот за 2025 год. на општина Охрид, во висина од 1.281.383.529,оо ден. денари се приходи кои според изворите на настанување, општината ги остварува од редовно работење и активности утврдени во ЗФЕЛС. Доколку се земе предвид структурата на планираните приходи, износот од 1.281.383.529,оо денари е распределен по групи на приходи:

- Даночни приходи --------------------------------- 638.595.509,оо
- Неданочни приходи------------------------------- 33.400.000,оо
- Капитални приходи-------------------------------- 20.500.000,оо
- Трансфери и донации-------------------------------588.888.020,оо

По основ трансфери од државниот буџет за блок односно наменски дотации со намена за финансирање на активностите од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита е предвиден износ од 696.138.518,оо денари од вкупно утврдениот буџет.

Во вкупниот буџет согласно законската регулатива на општината се вклучуваат и средствата кои ги остваруваат буџетските корисници на општината (основните, средните училишта и детските градинки) по основ на тн самофинансирачки активности, приходи кои се утврдени на вкупен износ од 37.039.829,оо денари.

По основ донации за конкретни проекти за кои општина Охрид аплицирала пред меѓународни и домашни институции, во буџетската 2025 година проектиран е износ од 28.673.475,оо денари. Остварувањето на овој дел од приходот е условен од реализацијата на проектите доставени до разни домашни и меѓународни институции наменети за различни активности, опфатени во поodelните програми и сектори.

*Според востановената методологија и пракса на МФ* за начинот на прикажување на остварувањето на буџетот во образецот К1-Квартален извештај за извршувањето на буџетот, податоците од единствениот систем на е-трезор како и податоците со кои располага сметководството при општина Охрид заклучно со вториот квартал општината во образецот К1 прикажува вкупен приход во износ од 844.885.765,оо денари или процентуално изразено 41,35
% од севкупно проектираните приходи. Ваквиот процент на остварување е збир од сите извори на приходи и додаден дел од потрошениот пренесен вишок. Доколку според истата методологија се анализира остварениот приход од изворните приходи- основниот буџет, износот од 486.339.563,оо денари покажува остварување од 37,95 %.

Анализирајќи ги ваквите показатели, буџетот за тековниот квартал покажува одредено ниво на остварување, но како што претходно споменавме според востановената методологија од страна на Министерството за финансии за пресметка и прикажување на податоците во образецот К1, според кој не се добива реална односно чиста слика за степенот на остварување на буџетот и чиста слика за реалните остварувања на приходите во анализираниот период. Поради сето претходно споменато во анализата во продолжение за остварувањата на буџетот во анализираниот период ќе ги исклучиме приходите по основ пренесен вишок од претходна година, како во делот на планирани приходи така и во делот на реализација односно остварување на овие приходи. Во делот на остварување она што сакам да го објаснам во овој извштај е моментот кога на страната на остварени приходи се јавуваат приходи по основ пренесен вишок. Во актуелниот буџет износот на планирани приходи по основ пренесен вишок во вкупниот буџет изнесува 251.527.705,оо ден. додека во делот на остварени приходи се појавува износ од 13.446.041 ден. Во делот пак на основниот буџет како планирани приходи по овој основ имаме износ од 235.024.413,оо ден. додека во делот на реализација се јавува износ од 6.200.000,оо ден. Делот кој се појавува како реализација на овој тип на приходи се јавува во два случаи итоа прв случај доколку овие приходи се планирани на некоја посебна сметка 789, сметка на која се трансферираат с-ва од повисоко државно ниво, агенции, министерства и слично па во моментот на трансфер на овие с-ва за исплата се појавуваат како приход на општинската сметка и втор случај кога на овој тип на приходи се појавува реализација односно остварување е доколку во анализираниот период односно квартал се јави ситуација исплатените средства, расходи да се повисоки од прибраните приходи по сите други основи. Во овој случај исплатената разлика повиските расходи од прибраните приходи се јавува како реализаицја на контото пренесен вишок за оној износ колку што повеќе сме потрошиле од она што сме го прибрале. Преку пример, доколку за тековниот квартал сме прибрале сто парични единици а сме потрошиле сто и дваесет, разликата од дваесет парични единици ќе се појави како реализација на контото пренесен вишок за овој квартал, што од своја страна ја искривува сликата за вистински остварените приходи. Поради сето ова претходно во натамошната анализа приходите по овој износ ќе бидат исклучени како во делот на планирани приходи, така и во делот на реализација, со што фактички ќе имаме чиста слика за реалното остварување на буџетот за овој период.

Доколку во пресметките на остварувањето на приходите како во делот на планирани приходи, така и во делот на реализација ги исклучиме износите на пренесениот вишок од претходната година, кои како непотрошен дел на крајот на буџетската година се планирани и прикажани во овој буџет, со цел да се добие реална слика за остварувањето на приходите во анализираниот период (вкупно планирани средства пв износ од 251.527.705,оо ден.во вкупниот буџет, односно износ од 235.024.413,оо ден. планирани с-ва во основниот буџет) како единствено релевантен податок за остварувањето на приходите во буџетот, согласно податоците од единствената евиденција прикажана во системот е-трезор и сметководството на Општина Охрид, тогаш остварувањето на вкупниот буџет би било, планирани с-ва износ од 1.791.707.646,оо ден. остварување во износ од 793.065.538,оо ден. за анализираниот период или процентуално изразено остварување од 44,26 %, додека за остварувањето *на основниот буџет* за анализираниот период податоците би биле следни, планирани с-ва (без пв) износ од 1.046.359.116,оо ден. и остварување износ од 438.919.498,оо ден. односно остварување од изнесува 42,00 %. Овие проценти за очекување е дека во наредниот период во голема мерка се повеќе ќе се разликуваат и реалните проценти на остварување ќе растат, бидејќи сепак периодот кој следи е поинтензивен на секое поле. Начинот на пресметка прикажан овдека со одбиен пв МФ го практикува и за утврдување на успешноста на буџетирањето и на овој начин се врши пресметка за остварување на буџетот и одобрување на порастот на приходите на страната на планирани приходи. Поголемо

остварување од 75% заклучно со третиот квартал значи и одобрување дополнителни буџетски средства. Како резултат на ваквите остварувања на приходите заклучно со третиот квартал, Општина Охрид согласно ЗФЕЛС член 22, точка 5, во изминатите буџетски години сопствените приходи во буџетот ги ревидираше со дополнителен пораст од 10 % од просечно остварените приходи во последните три години според податоците од трезорската евиденција, но за тековниот буџет останува да се следи остварувањето, да се подобри наплатата во оние групи на приходи каде истата е на пониско ниво се со цел повторно достигнување на потребната висина на остварување на приходите и добивање на дополнителен раст на буџетот и за оваа буџетска година.

Од приложениот квартален извештај табеларен преглед и табелата бр.1 дадена подолу може да се добие податок за остварувањето на приходите во различните групи на приходи и процентот на остварување на истите. Она што посебно треба да се истакне во овој извештај и што треба да се потенцира е остварувањето на приходите во делот на основниот буџет, односно во делот кој што е во директна зависност и надлежност исклучиво на локалната самоуправа. Доколку се анализира остварување на овие приходи пооделно по групи на приходи ќе се забележи различен степен на остварување на пооделните групи на приходи и поголема или помала варијабилност во однос на идеалните проценти на остварување што не влијае на вкупниот процент на остварување кој е на задоволително ниво, но сепак неколку проценти под идеалните проценти на остварување. Одредени проценти на остварување во некои групи на приходи укажуваат на тоа дека е потребна анализа на ваквите остапувања и тенденција за подобрување на степенот на нивна наплата. Од досегашното искуство периодот кој следи би требало да носи и повисоки приливи на дневна основа, но од друга страна секако дека без исклучок во скоро сите групи на приходи постои простор за поголема ангажираност и подобра наплата на истите што секако би значело и повисоки вкупни приходи во општинската каса.

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2025** | **Остварено со втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **696.138.518** | **337.929.283** | **48,54** |
| **Самофинансирачки приходи** | **37.039.829** | **10.859.924** | **29,32** |
| **Даночни приходи** | **638.595.509** | **308.297.882** | **48,28** |
| **Неданочни приходи** | **33.400.000** | **9.819.920** | **29,40** |
| **Капитални приходи** | **20.500.000** | **14.886.151** | **72,62** |
| **Приходи од донации** | **28.673.475** | **9.756.995** | **34,03** |
| **Трансфери и донации** | **588.888.020** | **153.335.610** | **26,04** |
| ***Вкупно*** | ***2.043.235.351*** | ***844.885.765*** | ***41,35*** |

Напомена: Согласно барањето на МФ за начинот на прикажување на извршувањето, во делот на трансферите и донациите во табелата бр.1 вкалкулиран е и пренесениот вишок ( планиран/реализиран износ на пв 251.527.705/ 13.446.041 од вкупниот буџет). Дадените податоци во табела бр.1 се идентични со податоците прикажани во образецот К1. Погоре дадено е објаснување околу остварувањето на приходите и разликите кои се јавуваат во процентите на остварување.

Податоците дадени во табела 1 укажуваат на одредени отстапувања во остварувањето на пооделните групи приходи објаснети претходно, при што посебен акцент треба да се стави на оние приходи кои што влегуваат во групата на изворни буџетски приходи на кои го ставаме акцентот поради важноста на истите. Приходите на вкупно ниво како и приходите во основниот буџет, согласно утврдените проекции и нивото на остварување заклучно со крајот на тековниот квартал се реализирани на начин прикажан погоре и освен во делот трансфери и донации во која група на приходи влегува и пренесениот вишок кој беше погоре во текстот анализиран и објаснет во другите групи на приходи, прикажаното остварување е реален одраз на прибраните приходи. Групата на приходи од тнр самофинансирачки активности, групата на неданочни приходи како и групата на приходи од донации покажуваат поголемо отстапување од она што може да се каже дека е прифатливо и е во иделани рамки на остварување, при што за групата на самофинансирачки активности повеќе пати сме образлагале и барале пореално планирање а групата на неданочни приходи со оглед на приходите кои ги содржи во својата структура за очекување е значително подобар процент на реализација во наредниот период. Како позначајни приходи кои ги опфаќа оваа група на неданочни приходи се приходите по основ закупнина на општински имот, приходите по основ премии од осигурување на моторни возила како и останатите неданочни приходи.

Графички приказ на проектираните и остварените приходи пооделно по категории приходи следи:

***Графикон бр.1***




***Графикон бр.2***




***Напомена:*** Прикажаното во графиконите 1 и 2 се однесува на процентуално учество на поединечните групи на приходи во однос на вкупно проектираните, односно вкупно остварените приходи поодделно.

Средствата по основ самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на буџетските корисници и согласно тековната ситуација очигледно е дека овој тип на приходи доколку нешто позначајно не се промени во наредните квартали од годината ќе биде неопходно нивно ребалансирање.

Превземање на мерки за подобрување во прибирањето на приходите во оние групи на приходи каде има поголеми отстапувања од проектираните приходи и каде што тоа е можно и претходно споменавме дека е неопходно со што до крајот на годината би довело до подобар процент на реализација како на пооделните групи на приходи така и на вкупните приходи.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2024 година.

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2024** | **Остварено со втор квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **614.058.000** | **308.679.994** | **50,27** |
| **Самофинансирачки приходи** | **30.729.765** | **10.045.306** | **32,69** |
| **Даночни приходи** | **495.115.000** | **253.755.814** | **51,25** |
| **Неданочни приходи** | **37.100.000** | **11.323.889** | **30,52** |
| **Капитални приходи** | **22.500.000** | **6.786.183** | **30,16** |
| **Приходи од донации** | **42.566.225** | **15.897.330** | **37,35** |
| **Трансфери и донации** | **423.455.000** | **207.325.303** | **48,96** |
| ***Вкупно*** | ***1.665.523.990*** | ***813.813.820*** | ***48,86*** |

## Графикон бр.3- Остварени приходи споредбено (вкупни приходи по К1)




Споредбено 2025 год. во однос на 2024 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, со одбиен пренесен вишок, чисто прибрани приходи за анализираниот период, изнесуваат:

- остварување во 2025 год. 438.919.498,оо денари
- остварување во 2024 год. 331.977.000,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2025 год. е за 32,2138 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2024 година.

Споредбено 2025 год. во однос на 2024 год. за вториот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи (со одбиен пренесен вишок) по сите основи и групи приходи, во номинален износ изнесуваат:

- остварување во 2025 год. 793.065.538,оо денари
- остварување во 2024 год. 649.709.530,оо денари.

Согласно наведеното, остварувањето во 2025 год. е за 22,064 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2024 година.



Динамиката како и износите на остварување на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно напатствијата од МФ, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 кој поблиску ги прикажува планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 30.06.2025 година. Остварувањето на приходите во општината по извори подетално се дадени во кварталниот извештај – образец К1 каде може да се согледаат планираните износи како и нивното остварување заклучно со овој квартал.

**Расходи**

Приходниот дел на буџетот, неговото остварувањето, односно висината и динамиката на остварувањето е значајно од аспект на отворање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето поодделно по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата пооделно по програми заклучно со 30.06.2025 како и процентот на остварување. Распределбата на вкупно остварените приходи (буџетски средства- основен буџет) распределени по програми прикажани се во следната табела:

| | Програм | Планирано | Остварено | % |
|---|---|---|---|---|
| Ao | Совет на општина | 55.014.000 | 33.212.704 | 60,37 |
| A1 | Изборни активности и референдуми | 16.500.000 | / | / |
| Do | Градоначалник | 4.776.000 | 2.470.417 | 51,73 |
| Eo | Општинска администрација | 255.834.195 | 111.644.943 | 43,64 |
| EA | Општинска администрација(капит.инвест.) | 11.230.000 | 1.848.480 | 16,46 |
| F1 | Урбанистичко планирање | 5.000.000 | 812.700 | 16,25 |
| F2 | Уредување на градежно земјиште | 3.550.000 | 2.645.044 | 74,51 |
| FA | Уредување на градежно земјиште (к.п) | 214.890.000 | 108.994.597 | 50,72 |
| G1 | Поддршка на ЛЕР | 14.240.000 | 5.510.000 | 38,69 |
| G2 | Потт.на развојот на туризмот | 13.000.000 | 364.587 | 2,80 |
| GD | Проекти за енергетска ефикасност | 900.000 | 70.800 | / |
| J0 | Оддржување на урбана опрема | 400.000 | / | / |
| J3 | Јавно осветлување | 95.150.000 | 36.813.147 | 38,69 |
| J4 | Јавна чистота | 18.231.272 | 13.710.330 | 75,20 |
| J6 | Оддржување и заштита на пат и улици | 13.650.000 | 843.088 | 6,18 |
| J7 | Оддржување на паркови и зеленило | 14.257.307 | 6.010.341 | 42,16 |
| J8 | Други комунални ислуги | 11.400.000 | 4.384.239 | 38,46 |
| JA | Изградба на јавно осветлување | 11.500.000 | 3.293.499 | 28,64 |
| JD | Изградба и реконс на локални ул. И патишта | 74.314.725 | 14.854.060 | 19,99 |
| JF | Изградба на сообр.сигнализација | 1.900.000 | 320.815 | 16,89 |
| JG | Изградба на системи за водоснабдување | 67.929.659 | 5.672.201 | 8,35 |
| JL | Други комунални услуги (кап.расходи) | 28.600.000 | / | / |
| JM | Паркови и зеленило (капитални расх) | 530.000 | / | / |
| JN | Урбана опрема (капитални расходи) | 7.450.000 | 21.240 | 0,29 |
| K4 | Културни манифестации и творештво | 20.580.000 | 13.065.391 | 63,49 |
| L0 | Спорт и рекреација | 81.310.000 | 56.105.198 | 69,00 |
| N1 | Основно образование | 34.530.000 | 17.956.182 | 52,00 |
| N2 | Средно образование | 2.700.000 | 2.212.432 | 81,94 |
| NA | Основно образование (капитални расх..) | 99.266.627 | 14.694.034 | 14,80 |
| NB | Средно образование (капитални расх.) | 11.357.326 | / | / |
| QO | Заштита и спасување | 2.957.100 | 1.320.282 | 44,65 |
| QA | Заштита и спасување (капитални расх.) | 22.000 | / | / |
| R1 | Заштита на животна средина | 6.840.000 | 796.550 | 11,65 |
| T1 | Унапредување на здравствена заштита | 7.680.318 | 4.125.880 | 53,72 |
| V1 | Детски градинки | 16.500.000 | 7.693.852 | 46,63 |
| VA | Детски градинки (капитални расх.) | 9.500.000 | / | / |
| Wo | Противпожарна заштита | 45.793.000 | 14.872.530 | 32,48 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| WA | Противпожарна заштита (капитални расх.) | 1.600.000 | / | / |
| X1 | Родова еднаквост | 500.000 | / | / |
| | Vkupno | ***1.281.383.529*** | ***486.339.563*** | ***37,95*** |

Податоците во табелата укажуваат на разноликост во процентот на реализацијата на поделните програми, но и процент на реализација кој го прати процентот на остварување на приходите. Оние активности кои се во тек се префрлаат во наредниот квартал како во делот на извршување на активностите по одредените програми, така и на расходната страна на буџетот и свои импликации ќе имаат и ќе бидат прикажани во некој од наредните квартали.

**Број 08-12032/112** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ – СПЕЦИЈАЛНО ТОВАРНО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО-КОМБЕ, НАМЕНЕТО ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА НА ОПШТИНА ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за прифаќање донација на движни ствари – специјално товарно противпожарно возило-комбе, наменето за територијална противпожарна единица на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/190** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („ Службен гласник на општина Охрид“ бр. 8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14 и 14/14), Советот на општина Охрид , на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната :

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ ДОНАЦИЈА НА ДВИЖНИ СТВАРИ – СПЕЦИЈАЛНО ТОВАРНО ПРОТИВПОЖАРНО ВОЗИЛО-КОМБЕ, НАМЕНЕТО ЗА ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа одлука се прифаќа донацијата на движни ствари - специјално товарно противпожарно возило согласно писмото за намери за донација на противпожарно возило бр. 33-11449/1 од 06.08.2025 год. Давател на донацијата е канцеларијата на тиролската покраинска влада 6010 Инсбурк - Австрија.

Донацијата се состои од специјално товарно противпожарно возило со следната спецификација:

- **Дајмлер-Крајслер, противпожарен автомобил, каросерија Марте,**
- **Тип: Мерцедес Бенц/416 CDI/35**
- **Тип на мотор: 612981**
- **Боја: Црвена**
- **Година на производство 2000,**

**Член 2**

Наведената донација од член 1 на оваа одлука се отстапува на трајно користење на територијална противпожарна единица на општина Охрид со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на Општина Охрид.

Користењето на донацијата ќе биде без надомест.

Сите трошоци за одржување и користење на противпожарното возило ќе ги сноси територијалната протипожарна единица на општина Охрид

**Член 3**

Општина Охрид како примател на донацијата се обврзува по приемот на предметот на донацијата на давателот на донацијата да му издаде потврда за примена донација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 12032/113** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ПО ИМОТЕН ЛИСТ БРОЈ 101433 ВО КО ОХРИД 4**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за давање на времено користење на недвижен имот по имотен лист број 101433 во КО Охрид 4 што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/191**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ НА ВРЕМЕНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ ПО ИМОТЕН ЛИСТ БРОЈ 101433 ВО КО ОХРИД 4

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава времено користење на недвиежен имот по Имотен лист број 101433 КО Охрид 4, по лист В поставен на КП.бр. 4105, дел 4, Адреса "Бул.Туристичка", Бр на зграда 3, Намена на згр. превземан при конверзија на податоците од стариот ел. систем Б4-1, влез 1, кат ПР, број 1, Намена на посебен/заеднички дел од зграда ДП, внатрешна површина од 86 м2, Право на сопственост, на Здружение за воспитно образовна психосоцијална поддршка" ВОПС "Охрид.

**Член 2**

Наведената недвижност опишана во член 1 на оваа Одлука ќе се користи како дневен центар за стари лица и се отстапува на времено користење во траење од 5(пет) години на Здружение за воспитно образовна психосоцијална поддршка" ВОПС "Охрид, со можност истиот да биде прекинат доколку се јават дополнителни потреби за користење од страна на општина Охрид.

**Член 3**

Се задолжува градоначалникот на Општина Охрид во име на општината да склучи договор со Здружението" ВОПС" Охрид со кој ќе се уредат правата и обврските за користење на наведениот недвижен имот.

Користењето на недвижниот имот од страна на Здружението "ВОПС" Охрид ќе биде без надомест.

Сите трошоци за одржување и користење на предметниот недвижен имот ќе бидат на товар на Здружението "ВОПС" Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/114**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027**

СЕ ПРОГЛАСУВА програмата за измени и дополнувања на развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2025-2027, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/192**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата оддржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 2025-2027**

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на општина Охрид 2025-2027 донесена од страна на Совет на општина Охрид со бр.08-15415/6 од 25.12.2024 год.

***IV. Планови финансирани со приватни иницијативи***

**IV-2. ДЕТАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ФИНАНСИРАНИ СО ПРИВАТНИ ИНИЦИЈАТИВИ**

**Во точка 4 после потточка 4.1 се додава потточка 4.2**

| | | |
|---|---|---|
| **4** | **Урбан блок 2.5** | |
| 4.2 | ДУП за УЗ 2 дел од УБ 2.5 – опфат 3 | Прив.иницијатива |

**После точка 21 се додава точка 22 потточка 22.1**

| | | |
|---|---|---|
| **22** | **Урбан Блок 11.1** | |
| 22.1 | ДУП за УЗ 11 УБ 11.1 – опфат 4 | Прив.иницијатива |

- точка 22 потточка 22 .1 стануваат точка 23 потточка 23 .1,
- точка 23 потточка 23 .1 стануваат точка 24 потточка 24 .1,
- точка 24 потточка 24 .1 стануваат 25 потточка 25 .1,
- точка 25 потточка 25 .1 стануваат 26 потточка 26 .1,
- точка 26 потточка 26 .1, потточка 26 .2
  стануваат точка 27 потточка 27 .1, потточка 27 .2
- точка 27 потточка 27 .2 стануваат точка 28 потточка 28 .1,
- точка 28 потточка28 .1 стануваат точка 29 потточка 29 .1,
- точка 29 потточка29 .1 стануваат точка 30 потточка 30 .1,
- точка 30 потточка30 .1 и потточка30 .2
  стануваат точка 31 потточка31 .1 и потточка31 .2
- точка 31 потточка31 .1 стануваат точка 32 потточка 32 .1,
- точка 32 потточка 32 .1стануваат точка 33 потточка 33 .1
- точка 33 потточка33 .1 и потточка 33.2
  стануваат точка 34 потточка 34 .1, и потточка 34.2
- точка 34 потточка 34 .1, потточка 34.2 и потточка 34.3
- стануваат точка 35 потточка 35 .1, потточка 35.2 и потточка 35.3
- точка 35 потточка35 .1 стануваат точка 36 потточка 36 .1,

**Точката 36 потточка 36.1 се брише**

| | | |
|---|---|---|
| **36** | **Урбан Блок 16.3** | |
| 36.1 | ДУП за УЗ 16 дел од УБ 16.3 – опфат 2 | Прив.иницијатива |

- точка 37 потточка 37 .1 останува како точка 37 потточка 37 .1

Оваа Програма за измени и дополнување на Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/115** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 година** **Претседател**
**О х р и д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1А И ГП 2А ВО ДУП ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА 3-ТА УЕ – МЗ2 – ВОСКА – ДЕЛ, МЗ 6 КОШИШТА – ДЕЛ ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД ЗА 10-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА – ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за донесување урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1А и ГП 2А во ДУП измени и дополнување за 3-та УЕ – МЗ2 – Воска – дел, МЗ 6 Кошишта – дел Охрид, општина Охрид за 10-та урбана единица – Охрид, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/193**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020 и 111/23), Прирачник за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација од Министерство за транспорт и врски бр.24-6836/1 од 15.10.2021, член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02 и 202/24) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ СО ПЛАН ЗА ПАРЦЕЛАЦИЈА ЗА ГП 1А И ГП 2А ВО ДУП ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ ЗА 3-ТА УЕ – МЗ2 – ВОСКА – ДЕЛ, МЗ 6 КОШИШТА – ДЕЛ ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИДЗА 10-ТА УРБАНА ЕДИНИЦА – ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува Урбанистички проект со план за парцелација за ГП 1А и ГП 2А во ДУП измени и дополнување за 3-та УЕ – МЗ 2 – ВОСКА – дел, МЗ 6 Кошишта – дел Охрид, Општина Охрид, **со број на постапка во систем е-урбанизам 64033,** со тех.бр.69/2024 од јули 2025, изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН ПУМА“ Скопје.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Урбанистички проект со план за парцелација – електронски формат, PDF верзија
- План за парцелација - тех.бр. 69/2024 од јули 2025,
- Позитивно мислење бр. 19-3528/6 од 15.07.2025 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава Позитивно мислење и го достави Урбанистичкиот проект со план за парцелација до Советот на општината за Одлука за донесување на план за парцелација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл. гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/116**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 2.3.24 И ГП 2.3.25 ВО ДУП ЗА УЗ 2 ДЕЛ ОД БЛОК 2.3 ОПФАТ 2 – ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 – 2020 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за одлука за донесување на техничка исправка за ГП 2.3.24 и ГП 2.3.25 во ДУП за УЗ 2 дел од блок 2.3 опфат 2 – плански период 2015 – 2020 Охрид, општина Охрид., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/194**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 36 став 2 и став 6 од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ бр.32/2020), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКА ИСПРАВКА ЗА ГП 2.3.24 И ГП 2.3.25 ВО ДУП ЗА УЗ 2 ДЕЛ ОД БЛОК 2.3 ОПФАТ 2 – ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2015 – 2020 ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Се донесува техничка исправка за ГП 2.3.24 и ГП 2.3.25 во ДУП за УЗ 2 дел од блок 2.3 опфат 2 – Плански период 2015-2020 Охрид, Општина Охрид, изработена од страна на ДПУП „ПОЛОГПРОЕКТ – ПРО„ доо Гостивар, со техн. бр.48/25 од август 2025 година, од системот е-урбанизам како број на постапка 73883.

**Член 2**

Во системот е-урбанизам аплицирана е следната документација:

- Предлог за Техничка исправка со техн.бр. 48/25 од август 2025
- Позитивно мислење за Предлогот за техничка исправка од Комисија за урбанизам, бр.19-11830/2 од 15.08.2025 год.

**Член 3**

Комисијата за урбанизам дава позитивно мислење за усвојување на техничката исправка за ГП 2.3.24 и ГП 2.3.25 во ДУП за УЗ 2 дел од блок 2.3 опфат 2 – Плански период 2015-2020 Охрид, Општина Охрид, и истата ја доставува на донесување до Советот на општина Охрид.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-12032/117**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА ВОДОТЕК ОПФАТЕН СО ИЗМЕНУВАЊЕ И**

**ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА УЗ 15 УБ 15.1 И ДУП ЗА УЗ 15 УБ 15.1, ОПШТИНА ОХРИД**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за одлука за определување на ширина на крајбрежен појас на водотек опфатен со изменување и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.1 и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1, општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/195**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од Закон за водите („Службен весник на РМ“ бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 151/21 и 03/2025), член 22 став 2 точка 1, член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р М “ бр. 05/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр. 08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и15/20 ) Советот на Општина Охрид на седницата одржана на ден. 26.08.2025 година, донесе:

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ШИРИНА НА КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС НА ВОДОТЕК ОПФАТЕН СО ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГУП ЗА УЗ 15 УБ 15.1 И ДУП ЗА УЗ 15 УБ 15.1, ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа одлука се определува ширината на крајбрежен појас на водотек кој е во рамки на плански опфат на изменување и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.1 и ДУП за УЗ 15 УБ15.1, општина Охрид, согласно Студија за водостопанска инфраструктура за изработка на Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 15 УБ 15.1 и ДУП за УЗ 15 УБ 15.1, Општина Охрид изработена од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН ПУМА“, за регулирање на речното корито и дефинирање на крајбрежен заштитен појас на река Сушица.

**Член 2**

Со Студијата се усвоени карактеристични попречни профили на речното корито во случај на меродавната стогодишна голема вода и со хидраулична анализа дефинирана е границата на регулиран речен појас.

Должината на трасата на која се однесува оваа Одлука изнесува 683,40 метри и тоа од почетна стационажа 0+000.00 до крајна стационажа 0+683.40

Координатите на почетна стационажа изнесуваат Y =7485130.36, X =4554157.89 и координатите на крајна стационажа изнесуваат Y=7485675.98, X =4553757.32.

Ширината на крајбрежниот појас на регулираниот водотек, изнесува најмалку 5 метри од крајната линија на регулацијата од левата и десната страна на речното корито.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Решението за давање на согласност на предлог одлуката за определување на ширина на крајбрежен појас на водотек опфатен со Изменување и дополнување на ГУП за УЗ 15, УБ 15.1 и ДУП за УЗ 15, УБ 15.1, општина Охрид заведено под Арх.бр. 11-1021/4 од 01.08.2025, донесено од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Член 4**

Оваа Одлуката влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“

**Број 08-12032/118** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 година** **Претседател,**
**О х ри д** **Перчо Божиновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КП.БР.5563/2, КП.БР. 5593/2, КП.БР.5593/6, КП.БР.6470/2, КП.БР.5583/9, КП.БР.5583/10, КП.БР.6470/2 СИТЕ ВО КО ОХРИД 4.**

СЕ ПРОГЛАСУВА Одлуката за измена и дополнување на одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште на Кп.бр.5563/2, Кп.бр. 5593/2, Кп.бр.5593/6, Кп.бр.6470/2, Кп.бр.5583/9, Кп.бр.5583/10, Кп.бр.6470/2 сите во КО Охрид 4, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година.

**Број 09 –12032/196** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.08.2025 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Кирил Пецаков,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, член 36 став 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20 ), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.08.2025 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА ЗА ЕКСПРОПРИЈАЦИЈА НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА КП.БР.5563/2, КП.БР. 5593/2, КП.БР.5593/6, КП.БР.6470/2, КП.БР.5583/9, КП.БР.5583/10, КП.БР.6470/2 СИТЕ ВО КО ОХРИД 4

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката за прифаќање на иницијативата за експропријација на градежно земјиште бр.08-8751/98 од 31.08.2021.

**Член 2**

Се менува член 3 од Одлуката и истиот гласи:

**Надоместокот за експропријација ќе биде со парични средства кои ќе се предвидат во Буџетот за оваа намена.**

**Член 3**

Во член 5 став 1 останува само **алинеата која гласи: „ Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени –Нумерички податоци за реализација на урбанистички план со дел.бр.08-70/4 од 26.09.2024 год. изработен од ГЕО ПРЕМЕР ИНЖЕНЕРИНГ Охрид ‘’,** сите останати алинеи се бришат**.**

**Член 4**

Сите останати одредби од Одлуката бр.08-8751/98 од 31.08.2021 остануваат непроменети.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08- 12032/119**
**26.08.2025 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Перчо Божиновски,с.р.**